# ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВО ПРАВО НА ВОДА И САНИТАЦИЈА

## ВОВЕД

Водата стана еден од најзначајните ресурси во светот и според некои процени, во иднина може да се водат војни за вода и водни ресурси.
Според податоците од Светска банка за 2012 г. кои тематизираат обновливи извори на питка вода, Босна и Херцеговина е земја со најголеми количини на питка вода по глава на жител со 9.461 $m^3$, со што е прва во регионот и седма во Европа. Во европските земји Исланд е земја најбогата со водни ресурси и тоа 532.915 $m^3$ по глава на жител, па следува Норвешка, Финска, Шведска итн.
Поголемиот дел од Земјата е вода, но само 3% е свежа вода и е директен иизвор за снабдување со вода за пиење. Водата се смета за јавно добро, меѓутоа , повеќе од 1 милијарда луѓе немаат достапност до вода за пиење, а повеќе од 2 милијарди не се поврзани на никаков систем за санитација.
Иако овој проблем во Европа не е изразен како во многу други земји, управувањето со системите за водоснабдување се движи во еден широк спектар кој го опфаќа: пазарот на води, водниот сектор или водната индустрија, водните ресурси или водени услуги.
Проблемите со управувањето со системите за водоснабдување се различни во сите европски земји. Во најголем дел од земјите на ЕУ сопственоста врз водните ресурси е јавна, само во Англија и Велс водните ресурси се приватни. Постои и мешовито управување, како во Холандија, Австрија каде сопственоста врз површинските води е јавна, но домаќинствата можат да имаат сопствени бунари и др.
Пристапот до безбедна вода за пиење и санитација е човеково право, кое е дел од правото на соодветен стандард на живеење, содржани во соодветен член на меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Тој е јасно признат од страна на Генералното собрание на ОН и од Советот на ОН за човекови права. Од тие причини сите членки се законски обврзани да обезбедат пристап до вода и санитација за сите, со цел да се осигура дека пристапот до вода и санитација е еднаков за целото население.
Некои луѓе бараат посебно внимание, како на пример луѓето што живеат во мали рурални заедници, бездомни лица или сиромашни кои живеат по градовите, а кои не можат да ја платат водата и комуналната услуга.

## РАСПОЛОЖИВОСТ НА ВОДНИ РЕСУРСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Централно водоснабдување во Република Македонија е обезбедено за целокупното урбано население од околу 1.160.000 жители и околу 160.000 жители во рурални области приклучени на градските водоснабдителни системи – вкупно околу 1.320.000 (64% од вкупното население од околу 2.050. 000 жители во земјата). Околу 520.000 жители во руралните области (58% од вкупниот број рурално население од 890.000) се снабдуваат со вода од системите за централно водоснабдување од нивните сопствени водозафати и околу 210.000 жители во руралните области (23% од вкупно 890.000) се снабдуваат од локални водоснабдителни објекти. Од вкупниот број на жители во земјава, околу 60% се снабдуваат од карстни извори на вода, околу 20% од површински водни ресурси и околу 20% од подземните води.
Статусот на водните ресурси во Република Македонија, во однос на подземните водни ресурси, укажува на тоа дека тие се релативно чисти во горните водни текови (во планинските области) и во границите утврдени во прописите за категоризација на води; квалитетот на водата во средните и долните водотеци зависи од статусот на третман на отпадни води од населените места, индустријата, земјоделството, туризмот итн, и на многу места е од послаб квалитет од утврдениот во прописите за категоризација на води.
Република Македонија располага со сите видови водни ресурси од реки и езера, природни извори, подземни минерални и термални води. Основен податок е дека секој жител на Македонија може да располага со 3.000$м^3$ вода. Меѓутоа се користат 1.475$m^3$ вода годишно

или 47%. Се проценува дека количеството на подземни води изнесува 314,3 милиони $m^3$вода годишно. Покрај подземните води, најатрактивен податок е дека Република Македонија располага со 4.414 природни извори од кои дел се со капацитет повеќе од 100 l/s, а околу 300 се со доток поголем од 1 l/s.
Според утврдените индикатори за Република Македонија, процентот на население што се снабдува со безбедна вода за пиење, се зголеми од 64% во 1971 на 91% во 2000 година. Индикаторите за урбаните средини имаат забележано пораст на процентот на население кое се снабдува со безбедна вода за пиење од 92% во 1991 година на 96% во 2000 година. Индикаторите за руралните области укажуваат на брз пораст на населението кое се снабдува со безбедна вода за пиење, од 60% во 1991 година на 76% во 2000 година.

## БОДОВНА КАРТИЧКА ЗА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И САНИТАЦИЈА

Пристапот до безбедна вода за пиење и санитација е човеково право, кое е дел од правото на соодветен стандард на живеење, содржани во член 11 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Тоа е јасно признато од страна на Генералното собрание на Обединетите нации и од Советот за човекови права на Обединетите нации. Затоа државите се законски обврзани да обезбедат пристап до вода и санитација за сите и треба да преземат чекори кон целосна реализација на правото. За усогласување со оваа обврска, тие треба да осигураат дека пристапот до вода и санитација е еднаков за целото население.
Човековото право на вода и санитација дава право на секого да има вода и санитација, кои се достапни, пристапни, прифатливи и сигурни (Комитетот за економски, социјални и културни права, Општ коментар 15 (E / C.12 / 2002/11), Резолуција на Генералното собрание 64/292, Резолуција на Советот за човекови права A / HRC / RES / 15/9). Некои од компонентите на правото на вода и санитација се смета дека се предмет на прогресивна реализација, но обврските, како недискриминација се итни. Затоа, може да се усвојат мерки на позитивна дискриминација за да се обезбеди пристап за сите пред подобрување на условите за пристап за оние кои веќе го уживаат.
Во согласност со Протоколот за вода и здравје, државите мора да обезбедат пристап до вода и санитација за сите. Како и други клучни компоненти на човековото право на вода, како што се пристап до информации, учество на јавноста и преземање одговорност, Протоколот посебно ги обврзува своите членки за промовирање на еднаков пристап до вода и санитација „за целото население, особено за оние во неповолна положба или социјална исклученост“. Протоколот обезбедува цврста рамка за да се преведе во пракса човековото право на вода и санитација, особено преку поставување на конкретни цели и рокови прилагодени на ситуацијата и капацитетите во земјата.
Државите треба да го користат максимумот расположливи ресурси за целосна реализација на правото на вода и санитација. Во исто време, и во однос на примената на човековите права и спроведувањето на Протоколот, меѓународната заедница ја признава законската обврска за помош и соработка. Иако значителни финансиски ресурси веќе се посветени на меѓународната заедница за подобрување на пристапот до вода и санитација, сеуште постои потреба за зголемување на овие придонеси.
Бодовната картичка за еднаков пристап до вода и санитација е алатка за самопроценка за пристапот до вода и санитација, која ја спроведувавме во Македонија од 1 април 2015 до 29 февруари 2016 година.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА

Во текот на имплементацијата на проектот, се користеа описен и квантитативен пристап на само-оценување на бодовната картичка. Во нашата работа имавме позитивистички пристап, односно пристап со квантитативни методи. Беше поставено тестирање хипотези со статистичка анализа. Се користеа квалитативни методи - користење на зборови, слики, фотографии.

Во периодот на спроведување на истражувањето, 4 месеци, се спроведе интензивна теренска работа. Користевме:

- сеопфатен пристап кон истражувањето
- анализа на прашањето "од внатре" (внимание и емпатија)
- објаснување за тоа какви се секојдневниот живот и животните ситуации во однос на третирани проблеми (директен контакт)
- ретко користени стандардизирани психометриски процедури. Истражувачот вршеше самопроценка (адаптација на ситуација)
- анализата е базирана на зборови и бројки (со користење на закони, службени весници...)

**Имплементацијата на проектот имаше неколку чекори:**

а) избор на лидер на проектот и општини за самопроценка
б) избрани лидери
в) идентификување на засегнатите страни
г) обука и подготовка
д) презентација на резултатите
ѓ) следни чекори

**а) избор на лидер на проектот и општини за самопроценка**

Во првиот чекор е избран лидер на проектот – Институтот за јавно здравје како владина институција и Новинари за човекови права како граѓанска организација. Избравме 3 општини за спроведување на самопроценка: Скопје, Куманово, Велес

**б) избрани лидери**

Во овој чекор е пристапено кон формирање на тимови и работни групи во трите општини и лидери во избраните општини. Лидерите на тимовите се вработени во Центрите за јавно здравје во Скопје, Велес и Куманово. Беше објаснета комплексноста на темата и побарано единство

**в) идентификување на засегнатите страни**

Идентификувани се засегнатите страни преку сеопфатен и мулти-секторски пристап. Идентификувани се давателите на услуги, министерствата, граѓанските организации и локалните жители.

**г) обука и подготовка**

Организирани се неколку средби со лидерите на тимовите како и со засегнатите страни вклучени во процесот на пополнување на бодовната картичка. Имавме одлична соработка со медиумите.

д) презентација на резултатите

Резулатите се отпечатени во книга на македонски, албански и англиски јазик, и објавени на веб-страниците на ИЈЗ, UNECE и НЧП. Организирана е и ќе има презентација во Скопје, атрактивна форма, герила маркетинг, краток филм кој ќе зборува за спроведување на проектот и резултатите од истиот

ѓ) следни чекори

Резултатите од проектот ќе бидат основа за следење на напредокот во пристапот до вода и санитација во следните пет години

1. **ЛОКАЦИЈА, БРОЈ НА ЖИТЕЛИ И НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Градот Скопје е лоциран во северниот дел на Република Македонија. Тој се граничи со: Општина Чучер – Сандево на север, Општина Јегуновце и Општина Желино на запад, Општина Сопиште и Студеничани на југ и Општина Илинден, Општина Липково и Општина Арачиново на исток.
Градот Скопје се наоѓа на 245 м.н.в. Неговата површина изнесува 1.818km$^2$ каде неговата должина изнесува 23km додека ширината е 9km.




*Слика 1: Местоположба на Град Скопје*

На Слика 1 е претставена местоположбата на градот Скопје како и десетте општини што го сочинуваат: Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Центар, Општина Чаир и Општина Шуто Оризари.

Густината на населението варира во различни урбани области на градот Скопје. Просечната густина на население изнесува 146 жители/ha, но во централното градско подрачје таа се движи околу 455 жители/ha. Демографскиот профил на Град Скопје е прикажан во

Табела **1**.

**Табела 1:** Демографска слика на Град Скопје

| Општина | Жители | Домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| Аеродром | 72.009 | 21.495 | 23.754 |
| Бутел | 36.154 | 10.056 | 11.077 |
| Гази Баба | 72.617 | 20.336 | 22.815 |
| Ѓорче Петров | 41.634 | 11.886 | 13.938 |
| Карпош | 59.666 | 19.680 | 22.849 |
| Кисела Вода | 57.236 | 17.577 | 20.237 |
| Сарај | 35.408 | 7.972 | 7.837 |
| Центар | 45.412 | 15.355 | 18.848 |
| Чаир | 64.773 | 17.107 | 17.127 |
| Шуто Оризари | 22.017 | 5.102 | 5.263 |
| ***Град Скопје*** | ***506.926*** | ***146.566*** | ***163.745*** |

*Извор: Попис на населението (2002)*

Од

Табела ***1*** може да се забележи дека општина со најголем број на жители на подрачјето на




Град Скопје е Општина Гази Баба додека општина со најголем број на домаќинства и станови е Општина Аеродром.
*Извор: Попис на население (2002)*

**Слика 2:** Возрасни групи на населението во Град Скопје.




**Слика 3:** Национален состав на населението во Град Скопје

**Табела 2**: Преглед на образованието на населението над 10 годишна возраст

| Општина | Вкупно | | Машки | | Женски | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Образовани | Необразовани | Образовани | Необразовани | Образовани | Необразовани |
| Аеродром | 64.656 | 475 | 31.688 | 86 | 32.968 | 389 |
| Бутел | 30.672 | 686 | 15.477 | 129 | 15.195 | 557 |
| Г.Баба | 61.156 | 1.966 | 31.137 | 385 | 30.019 | 1.581 |
| Г.Петров | 36.308 | 594 | 18.175 | 103 | 18.133 | 491 |
| Карпош | 53.002 | 685 | 25.222 | 181 | 27.780 | 504 |
| К.Вода | 50.326 | 706 | 24.730 | 146 | 25.596 | 560 |
| Сарај | 27.394 | 1.244 | 14.216 | 291 | 13.178 | 953 |
| Центар | 41.494 | 351 | 19.423 | 65 | 22.071 | 286 |
| Чаир | 52.241 | 2.386 | 26.692 | 396 | 25.549 | 1.990 |
| Ш.Оризари | 15.890 | 1.809 | 8.496 | 361 | 7.394 | 1.448 |
| ***Вкупно:*** | ***433.139*** | ***10.902*** | ***215.256*** | ***2.143*** | ***217.883*** | ***8.759*** |

*Извор: Попис на население (2002)*

Во

***Табела 2***. е прикажана образовната структура на населението во Град Скопје. Од неа може да се заблежи дека општина со најголем број на образовани жители е Општина Аеродром додека Општина Чаир е општина со најголем број на необразовани жители.

**Табела 3:** Стапка на вработеност на населението во Град Скопје

| *Општина* | *Вкупно* | *Економски активни* | | | *Економски неактивни* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | *Вкупно* | *Вработени* | *Невработени* | |
| Аеродром | 60.743 | 35.448 | 28.310 | 7.174 | 25.259 |
| Бутел | 28.632 | 13.821 | 9.824 | 3.997 | 14.811 |
| Г.Баба | 57.716 | 29.326 | 19.766 | 9.560 | 28.390 |
| Г.Петров | 33.936 | 18.584 | 13.586 | 4.998 | 15.352 |
| Карпош | 49.996 | 26.212 | 21.784 | 4.428 | 23.784 |
| К.Вода | 47.104 | 25.068 | 18.582 | 6.486 | 22.036 |
| Сарај | 24.487 | 7.661 | 2.891 | 4.770 | 16.826 |
| Центар | 39.209 | 19.967 | 16.662 | 3.305 | 19.242 |
| Чаир | 49.099 | 19.179 | 10.433 | 8.746 | 2.990 |
| Ш.Оризари | 15.470 | 5.635 | 1.907 | 3.728 | 9.835 |
| ***Вкупно:*** | ***406.392*** | ***200.937*** | ***143.745*** | ***57.192*** | ***205.455*** |

*Извор: Попис на население (2002)*

Согласно последниот Попис на населението во РМ (2002г.) на територијата на Град Скопје имало вкупно 57.192 невработени лица. Во последните 12 години оваа бројка е намалена така што во април 2014 бројот на невработени лица изнесувал 17.034 (Извор: Агенција за вработување).

## 2. СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И САНИТАЦИЈА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ И ПОТЕКЛО НА ВОДАТА ОД ИЗВОРОТ РАШЧЕ

Градот Скопје со своите околу 600.000 жители се снабдува со вода за пиење од водоснабдителен систем со кој стопанисува Ј.П. Водовод и канализација - Скопје како давател на услуга.

Како извори на вода за водоснабдување на градот Скопје засега стојат на располагање следните изворишта:

1. Каптажата „Рашче-1“ на изворот Рашче
2. Каптажата „Рашче-2“ на изворното подрачје Рашче-2
3. Бунарско подрачје „Нерези“ со четири бунари
4. Бунарско подрачје „Лепенец“ со три бунари.

Според Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче, а врз основа на сите овие хидролошки, геолошки, метеоролошки и изотопски испитувања, констатирано е дека водата потекнува:

- 70% од Шар Планина,
- 20% од планината Жеден и
- 10% од реката Вардар, (Слика 4).




***Слика 4 (лево):*** *Хидрогеолошки профил на изворот Рашче*

### 2.1 Просторен план на регионот за заштитни зони на изворот Рашче

Во 1989 год. се пристапило кон изработка на Експертиза за одредување на границите на заштитните зони на изворот Рашче. Експертизата е изготвена врз основа на Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитни зони околу изворите на вода за пиење (Сл. весник на СРМ бр. 17/83). Експертизата била нарачана од страната на Собранието на град Скопје и ЈП Водовод и канализација, додека нејзин изготвувач бил стручен тим од соодветни профили, а носител на задачата бил Градежниот Институт Македонија - Скопје.

Експертизата содржи пет поглавја и тоа:

I. Природна средина,

II. Урбана средина,

III. Заштитни зони на изворот Рашче,

IV. Мерки за заштита на водните ресурси во заштитените зони, и

V. Основи за долгорочна програма за наредни истражни работи.

Како резултат на дотогашниот степен на истраженост и синтетизирање на сознанијата за хранењето на изворот Рашче, се дефинирани границите на заштитните зони на изворот и соодветните мерки за заштита.

На Слика 5 се прикажани заштитните зони на изворот Рашче.




**Слика 5**: Приказ на заштитните зони на изворот Рашче

Со Експертизата се определени три заштитни зони и тоа:

- Прва зона-простор на масивот Жеден, изворот Рашче со каптажите 1 и 2 и просторот ограден со физичка ограда;
- Втора зона-подрачјето на Долен Полог што е во непосредна врска со масивот Жеден и
- Трета зона-подрачјето на Горен Полог со дел од просторите на Мавровскиот хидросистем и подножјето на Шар Планина.

.

Водоводната мрежа со која се снабдува со вода  (прикажана на Слика 6)  Градот Скопје е долга околу  1300 km, а оваа должина не ги вклучува приклучните цевки.



**Слика 6:** Приказ на водоводната мрежа на Град Скопје

Бројот на жители од градските и приградските населени места кои гравитираат кон Град Скопје и се снабдуваат со вода од локалните извори изнесува 74.269 жители. Вкупниот број на жители во урбаните и руралните области на Град Скопје се прикажани во Табела ***4***.

**Табела 4:** Број на жители кои се водоснабдуваат од системот “Рашче“

| *Реден број* | *Општина* | *Вкупен број на жители* | *Бр. на жители кои се снабдуваат од системот “Рашче“* | *Изразено во %* | *Бр. на жители кои се снабдуваат од локални извори* | *Изразено во %* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Аеродром | 72.009 | 72.009 | 100 | 0 | / |
| 2. | Бутел | 36.154 | 32.883 | 91 | 3.271 | 9 |
| 3. | Гази Баба | 72.617 | 61.966 | 85 | 10.651 | 15 |
| 4. | Ѓорче Петров | 41.634 | 40.382 | 97 | 1.252 | 3 |
| 5. | Карпош | 59.666 | 59.352 | 99 | 314 | 1 |
| 6. | Кисела Вода | 57.236 | 57.236 | 100 | / | / |
| 7. | Сарај | 35.408 | 30.731 | 87 | 4.677 | 13 |
| 8. | Центар | 45.412 | 45.412 | 100 | / | / |
| 9. | Чаир | 64.773 | 64.773 | 100 | / | / |
| 10. | Шуто Оризари | 22.017 | 21.563 | 98 | 454 | 2 |
| **Вкупно во урбаните области на Скопје:** | | **506.926** | **486.307** | **96** | **20.619** | **4** |
| 11. | Арачиново | 11.597 | / | / | 11.597 | 100 |
| 12. | Зелениково | 4.077 | 2.421 | 59 | 1.656 | 41 |
| 13. | Илинден | 15.894 | / | / | 15.894 | 100 |
| 14. | Петровец | 8.255 | / | / | 8.255 | 100 |
| 15. | Сопиште | 5.656 | 2.282 | 40 | 3.374 | 60 |
| 16. | Студеничани | 17.246 | 12.865 | 75 | 4.381 | 25 |
| 17. | Чучер-Сандево | 8.493 | / | / | 8.493 | 100 |
| **Вкупно во руралните области на Скопје:** | | **71.218** | **17.568** | **25** | **53.650** | **75** |
| **СЕ ВКУПНО:** | | **578.144** | **503.875** | **87** | **74.269** | **13** |

**Табела 5:** Број на жители кои го користат канализациониот систем на Град Скопје за одведување на фекалните отпадни води (долу)

| *Реден број* | *Општина* | *Вкупен број на жители* | *Бр. на жители што користат градска канализација* | *Изразено во %* | *Бр. на жители на локален канализационен систем* | *Изразено во %* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Аеродром | 72.009 | 68.570 | 95 | 3.440 | 5 |
| 2. | Бутел | 36.154 | 32.454 | 89 | 3.700 | 11 |
| 3. | Гази Баба | 72.617 | 58.846 | 81 | 13.771 | 19 |
| 4. | Ѓорче Петров | 41.634 | 17.390 | 42 | 24.244 | 58 |
| 5. | Карпош | 59.666 | 56.390 | 94 | 3.500 | 6 |
| 6. | Кисела Вода | 57.236 | 43.454 | 75 | 13.782 | 25 |
| 7. | Сарај | 35.408 | / | 0 | 35.408 | 100 |
| 8. | Центар | 45.412 | 45.412 | 100 | / | / |
| 9. | Чаир | 64.773 | 64.773 | 100 | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Шуто Оризари | 22.017 | 17.357 | 78 | 4.660 | 22 |
| **Вкупно во урбаните области на Скопје:** | | **506.926** | **404.646** | **79,8** | **102.505** | **20,22** |
| 11. | Арачиново | 11.597 | / | 0 | 11.597 | 100 |
| 12. | Зелениково | 4.077 | / | 0 | 4.077 | 100 |
| 13. | Илинден | 15.894 | / | 0 | 15.894 | 100 |
| 14. | Петровец | 8.255 | / | 0 | 8.255 | 100 |
| 15. | Сопиште | 5.656 | / | 0 | 5.656 | 100 |
| 16. | Студеничани | 17.246 | / | 0 | 17.246 | 100 |
| 17. | Чучер-Сандево | 8.493 | / | 0 | 8.493 | 100 |
| **Вкупно во руралните области на Скопје:** | | **71.218** | **0** | **0** | **71.218** | **100** |
| **СЕ ВКУПНО:** | | **578.144** | **404.646** | **70** | **173.723** | **30** |

**Табела 6:** Параметри за водоснабдувањето во Градот Скопје

| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на жители | 560,144 | 566,254 | 572,254 | 578,144 | 578,500 | 578,500 |
| Број на жители кои се снабдуваат со вода за пиење | 487,326 | 492,641 | 497,861 | 503,876 | 503,876 | 503,876 |
| Приклучоци на системот на годишно ниво | 59,575 | 60,079 | 60,602 | 61,219 | 61,784 | 62,804 |
| Приклучоци на системот на годишно ниво на индивидуални куќи и згради | 49,519 | 49,938 | 50,372 | 50,885 | 51,355 | 52,207 |
| Должина на водоводната мрежа во Скопје | 990 | 1,000 | 1,012 | 1,030 | 1,064 | 1,085 |
| Број на дефекти | 11,090 | 10,272 | 10,358 | 9,926 | 7,878 | 8,167 |
| Производство на вода ($m^3$) | 95,618,935 | 94,419,410 | 102,812,615 | 101,280,847 | 103,343,937 | 102,700,170 |
| Продадена вода (сметка, во $m^3$) | 38,172,729 | 37,834,586 | 37,893,888 | 37,543,232 | 37,063,433 | 36,168,910 |
| Вкупни наплатени услуги за водовод и канализација (во МКД) | 1,219,615,389 | 1,178,560,262 | 1,160,427,377 | 1,125,070,750 | 1,126,149,965 | 1,073,436,390 |
| Вкупни трошоци за одржување на водовдниот систем (во МКД) | 824,001,836 | 792,167,059 | 785,528,388 | 762,489,400 | 773,619,981 | 724,569,563 |
| Наплатени услуги за вода и канализација (во МКД) | 951,062,506 | 881,267,009 | 867,912,381 | 878,110,842 | 887,922,913 | 884,462,723 |
| Стапка на наплата за вода и канализација (%) | 78 | 75 | 75 | 78 | 79 | 82 |
| Загуби на вода (%) | 60 | 60 | 63 | 63 | 64 | 65 |

**Дел 1**

## СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИОНОТ НА СКОПЈЕ

За постигнување на целите за еднаков пристап на вода и санитација потебни се соодветни финансиски средства. Во исто време, вкупните приходи и расходи на секторот за управувачки политики може да има големи позитивни и негативни влијанија врз постигнувањето на еднаков пристап на водата за пиење. Во некои земји, финансирањето на секторот зависи во голема мера од поддршката на развојните партнери и има простор да се зголеми придонесот на оваа поддршка за постигнување на еднаков пристап.

**Табела 7**: Социо – економски карактеристики на РМ

| | За период 2014 | За период 2009 | Извор |
|---|---|---|---|
| Население (жители) | 578.144,00 | 578.144,00 | Град Скопје –сектор за заштита на животна средина |
| Површина ($km^2$) | 1.815 $km^2$ | 1.815 $km^2$ | Град Скопје Просторен план на скопскиот регион 2005-2020 |
| БДП по жител (евра/лице) | 10,80 $ или 9,80 € на ден | 10,80 $ или 9,80 € | Народна банка на Р.Македонија |
| % на население под национален праг на сиромаштија | г.Скопје - 40,00% | г.Скопје - 39,20% | Државен завод за статистика на Р.Македонија |
| | Урбани ср.- 12,00% | Урбани ср.- 12,80% | |
| | Рурални ср.- 47,90% | Рурални ср.- 48,00% | |
| % на население без работа | 21.331 жители во г.Скопје | 79.410 жители во г.Скопје | Агенција за вработување на Р.М, Преглед П-3 |
| % на население во урбани области | 506.926,00 или 87,68% | 506.926,00 или 87,68% | Град Скопје –сектор за заштита на животна средина |
| % на население во пери-урбани области | 71.218,00 или 12,31 % | 71.218,00 или 12,31% | Град Скопје –сектор за заштита на животна средина |
| % на население во рурални области | НА | НА | |
| Обновливи слатководни ресурси (милиони $m^3$ по глава на жител) | Од сите видови водни ресурси секој жител може да располага со 3000 $m^3$ вода, но се користат само 1475 $m^3$ или 47%<br><br>Подземни води 314,3 милиони $m^3$ и 4414 природни извори | Од сите видови водни ресурси секој жител може да располага со 3000$m^3$ вода, но се користат само 1475 $m^3$ или 47%;<br><br>Подземни води 314,3 милиони $m^3$ и 4414 природни извори | Анализа на состојбата во комуналниот сектор во Р.Македонија, 2014 АДКОМ. |
| % на население без пристап до безбедна вода за пиење | Целосна покриеност на населението РМ - 96% | Целосна покриеност на населението РМ - 96% | Анализа на состојбата во комуналниот сектор во Р.М, 2014 АДКОМ |

| | За период 2014 | За период 2009 | Извор |
|---|---|---|---|
| % од населението без пристап до одвод на отпадни води | Целосна покриеност на населението - 96% | Целосна покриеност на населението - 96% | Анализа на состојбата во комуналниот сектор во Р.М, 2014 АДКОМ |
| % на население без пристап до третман на отпадни води (кое било ниво) | 274.250 ЕЖ или 14% од вкупното население во Р.Македонија | 274.250 ЕЖ или 14% од вкупното население во Р.Македонија | Анализа на состојбата во комуналниот сектор во Р.М, 2014 АДКОМ |
| Јавни финансиски средства потрошени на секторот за вода и санитација | 1.073.436.390 ден. или 17.313.490,16 € | 1.178.579.962 ден. или 19.009.654 € | Извештај за работа на ЈП „Водовод и Канализација"-Скопје за 2009 и 2014 |
| Јавни финансиски средства потрошени за обезбедување на еднаков пристап до вода и санитација | 1.073.436.390 ден. или 17.313.490,16 € | 1.178.579.962 ден. или 19.009.654 € | Извештај за работа на ЈП за 2009 и 2014 |

## Дел 2

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ

Согласно член 5 од Закон за територијална организација на локалната самоуправа на РМ - Службен весник на РМ бр. 55/04:

- **Град** е населено место кое има повеќе од 3.000 жители; има развиена структура на дејности, а над 51% од вработените се вон примарните дејности; има изградена урбана физиономија со зони за домување, стопанство, рекреација и јавно зеленило, плоштад, изграден систем на улици и комунални служби и претставува функционално средиште на населените места во опкружувањето.
- **Пери-урбани области** се области кои се граничат со урбаните средини, се наоѓаат помеѓу предградијата и селата.
- **Село** е населено место со еднофункционално значење во кое преовладува една дејност, а атарот е со аграрна физиономија и функција.
- **Градот Скопје** го сочинуваат општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Студеничани и Сопиште.

**Табела 8**: Квантитативни информации и намалување на географски разлики

| | За период 2014 | За период 2009 | Извор |
|---|---|---|---|
| Стапка на пристап до безбедна вода за пиење во урбани области (%) | 486.307 жит. од систем. ,,Рашче,, или 96%;<br><br>20.619 или 4%од локални извори | 486.307 жит. од систе. ,,Рашче,, или 96%;<br><br>20.619 или 4% од локални извори | Град Скопје – сектор за заштита на животна средина |
| Стапка на пристап до безбедна вода за пиење во пери-урбани области (%) (само ако оваа категорија е релевантна во вашата земја / регион) | 17.568 жит. од систем. .Рашче,, или 25%<br><br>53.650 жит. или 75 % од локални извори | 17.568 жит. од систем. .Рашче,,или 25%<br><br>53.650 жит. или 75 % од локални извори | Град Скопје – сектор за заштита на животна средина |
| Стапка на пристап до безбедна вода за пиење во рурални области (%) | 31.987,00 жители | 31.987,00 жители | Град Скопје – сектор за заштита на животна средина |
| Стапка на пристап до санитација во урбани области (%) | 404.646 жит. или 79,8% од г.Скопје 102.505 ж. или 20,22% од лок.канализ. систем | 404.646 жит.или 79,8% од г.Скопје 102.505 ж. или 20,22% од лок.канали. систем | Град Скопје – сектор за заштита на животна средина |
| Стапка на пристап до санитација во пери-урбани области (%) (само ако оваа категорија е релевантна во вашата земја / регион) | 71.218 или 0%<br><br>71.218 или 100% на лок.кан. систем | 71.218 или 0%<br><br>71.218 или 100% на лок.кан. систем | Град Скопје – сектор за заштита на животна средина |
| Стапка на пристап до санитација во рурални области (%) | | | |
| Јавни финансиски средства потрошени за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода за пиење и санитација (во милиони евра) | 1.073.436.390 ден. или 17.313.490,16 € | 1.178.579.962 ден. или 19.009.654 € | Извештај за работа на претпријатието за 2009 и 2014 |
| Јавни финансиски средства потрошени за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода за пиење и санитација (евра по глава на жител) | / | / | / |
| Јавни финансиски средства потрошени за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода за пиење и санитација (% од буџетот потрошени на вода и санитација) | / | / | / |

**Дел 3**

**КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАНЛИВИ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ ВО РЕГИОНОТ НА СКОПЈЕ**

**Стапката на пристап до безбедна вода за пиење на маргинализираните лица во Скопскиот регион е на средно ниво.** Забележливо е дека нема пристап до вода и санитација за бездомници и внатрешно раселени лица, како и дека **само 16 отсто од Ромите кои живеат во Скопје имаат тоалет и бања**, додека останатите користат тоалети надвор од нивните домови и **26 отсто имаат пристап до вода**. Исто така, состојбата со пристап до вода и санитација за хендикепирани е **на многу ниско ниво**. Од друга страна, домовите за стари лица **ги исполнуваат сите стандарди за вода и санитација.**

Табела: Бодовна картичка за пристап до вода и санитација за маргинализирани и ранливи групи во регионот на Скопје

| Дел: 3 | Области на активност | Бодување | Веродостојност |
|---|---|---|---|
| Обезбедување пристап за ранливи и маргинализирани групи | 3.1 Јавни политики за решавање на потребите на ранливите и маргинализирани групи | 1,25 | Висока |
| | 3.2 Лица со посебни потреби | 1,07 | Висока |
| | 3.3 Корисници во здравствени установи | 2,45 | Висока |
| | 3.4 Корисници во образовни установи | 2,41 | Висока |
| | 3.5 Корисници во домови за стари лица | 2,81 | Висока |
| | 3.6 Затвореници | 2,36 | Средна |
| | 3.7 Бегалци што живеат во бегалски кампови и центри | 2,6 | Средна |
| | 3.8 Бездомни лица | 0,66 | Ниска |
| | 3.9 Патници и номадски заедници | 1,22 | Ниска |
| | 3.10 Лица кои живеат во домување без вода и санитација | 1,23 | Средна |

Во групата на ранливите и маргинализирани лица **во регионот на Скопје** се вклучени: детски градинки; ученици; студенти во студентските домови; болнички пациенти; затвореници и лица со социјален ризик во однос на нивното здравје, стари лица и возрасни;

семејства со еден родител; невработени; губење на поддршка на приходите по основ на работа; сиромаштија и ризик од други видови на социјална исклученост.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на малолетни корисници на социјална помош во 2014 година изнесува 13.859, додека **вкупниот број** на полнолетни корисници на **социјална парична помош е 37.083**, односно во правата на социјална заштита за малолетни и полнолетни, корисниците на социјална заштита учествуваат со 75,5%. Гледано одделно, по услуги за социјална заштита, право на социјална помош е најмногу застапено со 58,3%, односно 44,0% од вкупната социјална помош. Во 2009 година, 34.507 домаќинства се корисници на социјална помош.

Школската популација во Скопје се состои од 78.410 студенти во 2014 година и во 2009 година изнесува 83.282 студенти. Во Скопје, во 2014 година имало 101 основни училишта посетувани од 53,281 ученици и 33 средни училишта во кои учат 26.768 студенти и **сите училишта користат безбедна вода за пиење** од градскиот водовод.

Во регионот на Скопје, според Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи постојат 142 религиозни центри, од кои 55 се православни цркви, 83 џамии и два храма на две верски групи. Сите од нив имаат пристап до вода и санитација, но **само четири од нив им овозможуваат на верниците да имаат пристап до нив.**

Табела 1: Број на училишта, религиозни центри, и домови за стари лица во 2009 и 2014




### 3.1 Јавни политики за решавање на потребите на ранливите и маргинализирани групи

Градот Скопје и јавното претпријатие Водовод и канализација, ***имаат политика*** која ги задоволува потребите на ранливите и маргинализирани групи. ЈП Водовод и канализација во согласност со Статутот и одржаниот состанок на Управниот одбор на 2002/10/02 усвои Резолуција (br.02-5870 / 4) за ослободување од плаќање на потрошувачката на вода на корисници кои добиваат финансиска помош. Градскиот совет врз основа на чл. 61 од Статутот и Законот за јавни претпријатија Службен весник на РМ, бр. 38/96, 9/97 и 6/02, одобри издавање на решение бр.09-3013 / 1 за давање согласност на одлуката за ослободување од плаќање на потрошувачката на вода на корисници кои добиваат финансиска помош. ***Во 2009 година, 104 лица*** од ранливите и маргинализирани групи се ослободени од плаќање на дел од потрошената вода, додека ***во 2014 година нивниот број изнесувал 130 лица***.

### 3.2 Лица со посебни физички потреби

И покрај обврските на инспекциските служби за почитување на Законот за изградба на јавни објекти за обезбедување на пристап за лицата со хендикеп, тие ***немаат доволно средства*** за негово спроведување. Во регионот на Скопје ***пристап за лицата со хендикеп има*** во 50 јавни објекти од кои 17 се здравствени установи, 18 училишта, 7 министерства и 8 факултети, ***но не постојат доволно тоалети*** за лица со хендикеп. ***Само 5 хотели имаат пристапи*** за лицата со хендикеп, по 3 соби во хотели со сите услови за лицата со хендикеп, тоа значи тоалети и простории адаптирани за нивни потреби.

### 3.3 Корисници во здравствени установи

Здравствените установи во регионот на Скопје се пуштени во употреба во рамките на постојните закони за инфраструктурни карактеристики на зградата, вклучувајќи и инсталација на водовод и санитација (Службен весник на РМ бр 91/2013). ***Во секој болнички оддел постојат посебни тоалети за мажите и жените и бањи за лична хигиена***, додека другите здравствени установи имаат тоалети за мажите и жените, ***непогодни за одржување на менструална хигиена***. Пристапот до безбедна вода за пиење во болници и здравствени домови во регионот се финансира со државна буџетска поддршка-здравствениот фонд како вкупни трошоци за работење на установата. Другите здравствени установи, приватни здравствени установи (клиники) ги користат нивните сопствени средства за поддршка на пристапот до вода и санитација.

### 3.4 Корисници во образовни установи

Во соработка со властите, контролата на пристапот до безбедна вода за пиење и санитација за корисниците на образовните институции продолжува. Се вршат интервенции за да се одржи потребното ниво на одржливост на квалитетот на снабдувањето со вода и санитација и образовните институции се опфатени со блок дотации од Министерството за образование и наука. ***Сите образовни институции во градот има пристап до безбедна вода и санитација. Сите образовни институции во градот и селата имаат посебни тоалети за мажите и жените, како и во поголемите училишта во селата, а во некои од помалите подрачни училишта имаат заеднички тоалети***. Но, ***нитy една од образовните институции не поседува соодветни капацитети за одржување на менструалната хигиена***. Сите образовни институции во регионот на Скопје ја почитуваат законската обврска за контрола на квалитетот на водата за пиење во периодот во рамките на работното време.

### 3.5 Корисници во домови за стари лица

Во Скопскиот регион постојат 15 домови за стари лица, со капацитет од 480 луѓе, од кои 13 се приватни, а две се јавни институции. Сите објекти се полни. 170 од корисниците се неподвижни, 30 во инвалидска количка и ***сите од нив имаат пристап до безбедна вода и санитација***. Во некои од домовите (7) постојат алтернативни извори на снабдување со вода (бунари).

### 3.6 Затвореници

Скопје има ***три поправни установи***: Затвор Скопје, Казнена институција Идризово и ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми „25 мај“. Нивото на податоци за ***пристап до безбедна вода за пиење и санитација*** во затворските установи ***е достапно*** во сите три јавни институции. Управата за извршување на санкции при Министерството за правда обезбедува средства за поддршка на пристап до безбедна вода за пиење и санитација.

### 3.7 Бегалци што живеат во бегалски кампови и центри

***Нема*** бегалски кампови во Скопје, и бегалците кои се дел од бегалската криза што ја зафати земјата се далеку од градот. Градот има ***центар за баратели на азил*** во општина Гази Баба, во кој се сместени баратели на азил. Нивниот број постојано се менува во

зависност од бројот на (не)решени случаи. И покрај влошувањето на Центарот и руиниран инвентар, Центарот ***обезбедува пристап до безбедна вода и санитација***.

### 3.9 Патници и номадски заедници

*Објектите за јавен превоз* ***имаат безбедна вода за пиење и санитација***, со капацитет за нормален проток на патници. Меѓуградската автобуска станица и железничката станица во Скопје и скопскиот аеродром "*Александар Велики*" ***имаат пристап*** до вода за пиење и санитација. Освен на овие места, *градот нема јавни тоалети и бањи*. Во урбаните и руралните подрачја на општината постојат јавни фонтани и улични чешми со вода за пиење и сите тие се регистрирани и се врши контрола на квалитетот на водата и на самиот објект. Оваа група на номадски заедници вклучува деца на улица, бездомници и раселени лица. *Меѓуопштинските центри за социјална работа* во земјата се надлежни установи за социјална заштита и за спречување и надминување на основните социјални ризици со кои се соочуваат граѓаните и семејството во текот на животот. Со цел да се заштитат правата на детето и во најдобар интерес на социјалната работа, центарот одлучува дали да се користат институционални и вонинституционални форми за грижа за детето и детето во овој контекст може да се обрати *во Дневниот центар за деца на улица*. Според достапните податоци на Дневниот центар за деца на улица во Скопје ***има 113 деца на улица*** кои се официјално регистрирани во 2014 година, а во 2009 година имало *156 регистрирани деца на улица*, од што може да види пад на бројот. Според *Општинскиот центар за социјална работа* во Скопје има 113 деца на улица и сите се припадници на *ромската заедница* и се занимаваат со просење и миење прозорци на автомобили. 52 од нив се машки, а 61 се женски. Центарот има два дневни центри за деца на улица, во Гази Баба и Кисела Вода, со капацитет од 25 и 15 деца.

| Етничка припадност | пол | |
|---|---|---|
| | м | ж |
| Ромска популација | 52 | 61 |

И двата дневни центри за деца на улица ***ги задоволуваат сите стандарди*** за пристап до вода и санитација. Во однос на ***бездомниците***, Скопје има ***еден објект*** што може да се користи во Момин Поток, кој функционира во рамките на Црвен Крст-Скопје. Официјалните бројки за бездомници се разликуваат, но во моментов има ***49 регистрирани бездомници*** кои користат нивни услуги. Објектот е отворен секој ден, и ***ги задоволува критериумите за пристап до вода за пиење и санитација***. Бројот на бездомници кои ги користат услугите на објектот за бездомници е во постојан раст од 2010 година кога се отвори, и до 2014 година нивниот број се зголеми за 23%.

Во Скопје има ***внатрешно раселени лица*** кои спаѓаат во категоријата на патници и номадски заедници, бидејќи тие се уште се водат за привремено населени луѓе во Скопје. Тие се сместени во ***прифатниот центар за бездомници - Чичино село*** и се вкупно ***62 лица, меѓу кои 23 деца***. Условите за живот во овој центар се ***супстандардни и нема пристап до вода и санитација*** во бараките поради уништената инфраструктура и недостатокот на одржување.

### 3.10 Лица кои живеат во домување без вода и санитација

Во Скопје, ***во општината Шуто Оризари*** има ***највисок*** процент на семејствата кои живеат во ***домови без вода и санитација***. Според најновата анкета од страна на НВО "ИнСоК" 95 проценти од Ромите се сиромашни, *само 16 проценти од Ромите кои живеат во Скопје имаат тоалет и бања*, додека останатите користат тоалет кој е надвор од домот. ***Само 26 проценти имаат пристап до вода.*** Се очекува дека новата водоводна и канализациска мрежа и резервоарот за вода, кој се гради во моментот, ќе го реши прашањето за пристап до чиста вода за пиење во Шуто Оризари. Во регионот на Скопје има 25.346 Роми кои се регистрирани или 5% од вкупното население, од кои 72% се приматели на социјална

помош. Невладини организации кои работат со ромската популација, пред се ИнСоК се активни и спроведуваат детални истражувања кои укажуваат на тоа дека еден од ***главните проблеми*** со кој се соочуваат Ромите во Македонија и Скопје, ***се нелегални домови кои не се поврзани со системот за водоснаб-дување и санитација***.

Според Хелсиншкиот комитет во рамките на Декадата на Ромите, одредени активности за ублажување на проблемот на домувањето за Роми беа преземени, и почна изградба на социјални станови, но од вкупно 339 станови во 8 згради во повеќе градови во Македонија, членовите на ромската заедница кои аплицирале, добиле 61 станови (18% од вкупно доделените станови) и во Скопје - 19 станови.

Граѓаните од населените места кои гравитираат кон ***општина Гази Баба*** се соочени со разни станбени проблеми и ***бавен процес на легализација на бесправно изградените објекти***. Во населба Јурумлери за време на разговорите со локалното население, е откриено дека ***еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат е поврзување на водовод, санитација и електрична мрежа.*** Тие, исто така, изјавија дека само околу ***10% од градбите поднеле документи за легализација***, а поради недостиг на средства мнозинството граѓани не може да ги добие сите потребни документи да се приклучи на соодветна мрежа. Според жителите, јавните претпријатија им бараат да платат по 200 до 300 евра, со цел да бидат поврзани на системот.



Населба Керамидница, авторска фотографија на Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија



Јурумлери, авторска фотографија на Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

**Дел 4**

**Квантитативни информации за достапноста**

Групи составени од поединци кои особено тешко ги остваруваат своите права на вода и санитација, заради тоа што живеат во ранливи ситуации, или страдаат од дискриминација или стигма (или комбинација од нив). Групи и поединци кои се идентификувани како потенцијално ранливи или маргинализирани вклучуваат жени, деца, жителите на (оддалечени) рурални и сиромашни урбани средини, како и други лица кои живеат во сиромаштија, бегалците и внатрешно раселените лица, малцинските групи (како што се Ромите), домородните групи, номадски и патнички заедници, стари лица, лица кои живеат со онеспособеност, лица кои живеат со ХИВ/СИДА или под влијание на други здравствени состојби, луѓе кои живеат во региони каде што водата е дефицитарна, и работниците кои работат во санитацијата.

**Табела 9:** Обезбедување и достапност на вода и санитарни услуги

| | **За период 2014** | **За период 2009** | **Извор** |
|---|---|---|---|
| Износ на просечна сметка за вода и санитација во земјата / регионот / градот (евра годишно) | 70€ задомакинства; 120€ за РО; | 70€ за домакинства; 120€ за РО; | Официјален извор: Ценовник за корисни. на вода и смет (ВИК 751-701.08) |
| Износ на сметка за вода и санитација во земјата / регионот / градот за домаќинства во најсиромашната или групата со најниски примања (наведете дали ова се однесува на најниската петтина,најниската десеттина, или лица под националниот праг на сиромаштија) (евра годишно) | Од просечната сметка за потрошена вода за домаќинствата намалена за 10 $m^3$ | Од просечната сметка за потрошена вода за домаќинствата намалена за 10 $m^3$ | Официјален извор: Решение, Статут на Град Скопје /02 , ЈП Водовод и канализација - Одлука бр.02-844/3/2002г. |
| Просечен расположлив приход на домаќинството (или расход) (евра годишно) | 361€*12= 4332€; | 246€*12=2951 €; | Државен завод за статистика на Р.Македонија |
| Просечен приход на домаќинства (или расход) во најсиромашната или групата со најниски примања (наведете дали ова се однесува на најниската петтина, најниската десеттина, или лица под националниот праг на сиромаштија) | 150€*12= 1800€; | 120*12=1440€ | Државен завод за статистика на Р.Македонија |
| Јавни финансиски средства потрошени во обезбедување достапност на сметка за вода и санитација (во милиони евра) | 1.073.436.390 ден. или 17.313.490,16 € | 1.178.579.962 ден. или 19.009.654 € | План за работа на ЈП за 2009 и 2014; Инвестиционапрогр.за 2009 и 2014; Годишен извештај на ЈП Водовод и канализација за 2009 и 2014г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавни финансиски средства потрошени во обезбедување достапност на сметка за вода и санитација (евра по глава на жител) | 29,39 за $m^3$ за домаќинства | 29,39 за $m^3$ за домаќинства | Официјален извор: Ценовник за корисници на вода и смет (ВИК 751-701.08) |
| | 46,63 за $m^3$ за стопански објекти | 46,63 за $m^3$ за стопански | |
| Јавни финансиски средства потрошени во обезбедување достапност на сметка за вода и санитација (% од буџетот за вода и санитација) | / | / | / |

### 4.1 Цени на комунални услуги / Тарифни мерки

За користење на комуналните услуги од индивидуална и колективна комунална потрошувачка се плаќа надоместок утврден со Закон за снабдување со вода и одведување на урбани отпадни води на Р.Македонија, Сл.Весник бр.68/04, со кои се уредуваат одделни комунални дејности. Методологијата за пресметката ја носи и разработува Министерството за транспорт и врски, а висината на надоместокот/тарифата ја утврдува давателот на услугата (ЈП Водовод и канализација) по претходно добена согласност од општините на градот Скопје односно градот Скопје.
Висината на надоместокот ја утврдува давателот на услугата (ЈП Водовод и канализација) по претходно добена согласност од општините на градот Скопје односно градот Скопје. ЈП Водовод и канализација има изготвено Ценовник за корисници на вода и смет (ВИК 751-701.08/ Рев 01, кој е категоризиран по корисници од I-IX со дадени шифри : I категорија од 01-05/ Корисници кои имаат контролен водомер; II категорија со шифра од 06-12/Корисници кои имаат делумно контролни водомери , а кај останатите потрошената вода се фактурира по број на членови (10$m^3$ по член); III катег. од 13-20/ Дел од корисниците имаат контролни водомери, а остатокот на потрошена вода се фактурира на заеднички, главен, водомер; IV од 21-22/ Корисници на вода без водомер (во шахта); V од 23-26 Корисници на вода со посебен водомер (шахта); VI со шифра 28 /Корисници на комунална хигиена (само за смет); VIII со шифра, 27 и 35 Корисници само на канализација и IX со шифра 53-68/Корисници во рурални средини, каде сметот се пресметува паушално.

### 4.2 Социјална политика

Градот Скопје и од него формираното комунално претпријатие ЈП Водовод и канализација, имаат политика во која се опфатени потребите на ранливите и маргиналните групи. ЈП Водовод и канализација согласно Статутот и одржаната седница на Управниот одбор на 02.10.2002 г. има донесено Одлука (бр.02-5870/4) за ослободување од плаќање на дел од потрошената вода на корисници кои примаат постојана парична помош. Советот на Град Скопје врз основа на чл. 61 од Статутот и Законот за јавни претпријатија Сл.Весник на Р.Македонија бр. 38/96, 9/97 и 6/02, ја има одобрено Одлуката со издавање на Решение бр.09-3013/1, за давање на согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на дел од потрошената вода на корисници кои примаат постојана парична помош. Во моментот 130 лица се третираат како социјални случаи и опфатени се со бенефицирана цена на услугите кои ги дава ЈП Водовод и канализација .

## СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН

Официјално, Македонија е поделена на осум плански региони, кои служат за статистички, економски и административни цели. Североисточниот плански регион со површина од 2310 $km^2$ го сочинуваат **општините Куманово, Старо Нагоричане, Кратово, Ранковце, Крива Паланка и Липково.** Моментално, североисточниот регион има околу 173.814 жители, или **9%** од населението на Република Македонија.




Карта 1. Општини во северисточен регион,




Карта 2. Карта на Општина Куманово

# I - дел

## ОПШТИНА КУМАНОВО

**Општина Куманово**, според бројот на жители е најголема општина во Република Македонија. Опфаќа **48 рурални населени места** и истоимениот град Куманово како седиште на општината. Куманово е лоцирано на самата раскрсница на двата најзначајни коридори во земјата (Коридор 8 и Коридор 10). Структурата на населението е хетерогена и тоа не само во градот, туку и во поголемиот дел на селските средини каде живее население од повеќе националности и етнички групи, разновидна образовна, старосна и полова структура, со различни обичаи, вероисповед и навики, разновидни занимања и други карактеристики.

Хидрографската мрежа во Кумановско ја чинат средните и долните теченија на реката Пчиња, Крива Река и Кумановска Река, која настанува од Липковска и Којнарска река. Реката Пчиња се одликува со големо колебање на водостојот. Просечен годишен проток кај вливот изнесува 16,1 $m^3$/сек. Во Кумановскиот крај има неколку извори на природна минерална вода. Најпознати се оние кај селото Проевце и селото Клечовце. (Карта 2)

## СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА КУМАНОВО

**Општина Куманово** има население од 105 484 жители од кои 76 272 или 72,3% живеат во градот, а 29 212 или 27,7% живеат во селата.

Во 2014 година бројот на невработени лица 23,9% (25.953) во градот е намален во однос на 2009 кога имало 36,7 % (38.794) невработени лица.

**Од вкупното население во Општина Куманово *6950 жители од 29 села во општината или 6,59% од целокупното население се снабдуваат со вода за пиење од сопствени бунари и јавни чешми и се без пристап до безбедна вода за пиење.***

***Без пристап до одвод на отпадни води*** се 22 808 жители во 44 села, односно **21,6%** од населението во општината користат индивидуални септички јами и исто толку жители се без третман на отпадните води.

**Третман на отпадните води** имаат градот и 4 села со вкупно 85 676 жители или **81,2%** од населението.

Во **2009** година ***нема вложувања*** на јавни финансиски средства за обезбедување на **еднаков пристап до вода за пиење**. Во **2014 година** од Буџетот на општината биле искористени ***181.654 денари***.

Во 2009 година потрошени се 41.208.900 ден од Буџетот на Општина за изградба на канализација за дел од урбаната и руралната средина: дел од селото Г. Којнаре, дел од селото Тромеѓа и дел од село Черкезе како и регулација на речно корито. За период 2014 год. од Буџетот се искористени јавни финансиски средства за подобрување канализација 534.144 денари и изградба на други објекти во градска средина - 3.242.615 денари. ***Евидентни се вложувањата за подобрувањето на одведување на отпадните води.***

## ОПШТИНА КРАТОВО

**Општината Кратово** е сместена во Североисточниот дел на Република Македонија помеѓу општините Крива Паланка, Пробиштип, Свети Николе, Куманово и Кочани. Низ нејзината територија протекуваат две поголеми реки: Злетовска и Крива Река. Градот Кратово е еден од најстарите градови во Република Македонија и на Балканот сместен во грлото на еден изгаснат вулкан во Осоговските планини, распространет на бреговите од три мали реки. Општината е со средна надморска висина од 1000 m и со мошне разнолична конфигурација на теренот: од најниски полиња и рамнини до високи планини што го условува и целокупното живеење како и стопанската активност на населението. **Општината Кратово ја сочинуваат градот и 30 населени места.**

## СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА КРАТОВО

**Општина Кратово** има население од 10 441 жители од кои 6924 жители или 66,3% живеат во градот, а 3517 или 33,7% живеат во селата. Површина на целата општина изнесува 396 $km^2$ а густина на население 27.81 жители/$km^2$.

Според податоци од ЛЕАП на општината, процентот на невработени лица изнесува 38,9 %.

**Од вкупното население во Општина Кратово 780 жители или 7,4% живеат во села каде се снабдуваат со вода за пиење од сопствени бунари и јавни чешми и се без пристап до безбедна вода за пиење.**

**Во села без пристап до одвод на отпадни води живеат 3759 житеи или 36% од населението.**

**Во целата општина Кратово нема третман на отпадните води.**

Податоци за вложени јавни средства за вода и санитација има само за 2014 година и тоа јавни финансиски средства потрошени за обезбедување на еднаков пристап до вода и санитација изнесуваат 582.040 денари од буџет и 2.487 065 денари од грант.

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Општината Крива Паланка** се карактеризира со бројни плитки реки и мали сливови. Најпознати се Крива Река и Дурачка Река. Крива Река извира во подножјето на Царев Врв, од силен извор на надморска височина од околу 1.800 метри. На подрачјето на општините досега се изградени две акумулации и тоа акумулацијата Базјачко Брдо со 14.100 $m^3$ вода и акумулацијата Влашки Колиби со 6.200 $m^3$ вода, лоцирани на Калин Камен на надморска висина од 1.590 m. Во регионот на општината Крива Паланка се наоѓаат повеќе рудни наоѓалишта на метали (олово, цинк, антимон, бакар, сребро, злато и др.) како и на неметали (бентонитски глини, туфови, кварц, дијатомејска земја и др.). Во градот постојат 18 урбани заедници и **33 населените места како рурални месни заедници**. (Карта 3)

## СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Општината Крива Паланка** брои 20 820 жители и опфаќа територија од 480,81 $km^2$ со густина на населеност од 43,3 жители/$km^2$. Поголемиот број на жители односно 69,9% (14 558) од населението живее во урбаната средина, додека руралната средина опфаќа 30,1% од населението (6262 жители). Во 2009 година процентот на незапосленост во општината изнесувал 20,6%, додека за 2014 година нема податоци.

**Од вкупното население во општината** **без пристап до безбедна вода за пиење се 2,85% населението, односно 595 жители користат вода за пиење од сопствени бунари и јавни чешми и извори.**

**Без пристап до одвод на отпадни води се 4809 жители или 23,1% од вкупното население имаат сопствено одведување на отпадни води.**

**Во Општина Крива Паланка** **100% од населението немаат третман на отпадните води.**

Јавни финансиски средства потрошени на секторот за вода и санитација во 2013 година изнесуваат 10 милиони денари воглавно за опрема во Јавното Претпријатие „Комуналец“ кое управува со водата за пиење и одведување на отпадните води, а во периодот од 2009-2012 тие средства изнесуваат 1 260 000 евра од ЕБОР (Европска банка за обнова и развој).

## ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

**Територијата на општина Ранковце** се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија. Таа го зафаќа просторот на Славишко Поле, кое му припаѓа на сливното подрачје на Крива Река. Спаѓа во групата на средно големи општини и се граничи со општините Крива Паланка, Кратово, Клечевце, Старо Нагоричане и на север со општината Трговиште - Република Србија. Општина Ранковце има значајна геостратешка положба бидејки на север граничи со Србија и индиректно на само 30 km преку Општина Крива Паланка се граничи со Р. Бугарија. Низ неа минува значајниот патен правец кој го поврзува јужниот дел на Балканот со Истанбул и Мала Азија денес познат како коридор исток-запад.

Сообраќајно е поврзана со магистралниот пат на југозапад со Куманово (50 km) и со Скопје (80 km), на исток со Крива Паланка (20 km) со тоа и кон североисток преку граничниот премин Деве Баир со Ќустендил (60 km) Република Бугарија и на југ со Кратово (25 km). **Општина Ранковце претставува природна, географска и економска целина на 18 населени места од кои 3 се рамничарски, 9 се од ридски тип и 6 се планински.**

## СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

**Општина Ранковце** има население од 4144 жители од кои 27,2% (1129 жители) живеат во с. Ранковце (што во пополнувањето на бодовната картичка е земено како % на население во урбаната област на општината), а 72,8% или 3015 жители живеат во останатите 17 населени места (население во рурална област). Густина на населеност во општината изнесува 17,22 жители / km$^2$ .

**Од вкупното население во Општината Ранковце** ***679 жители (16,4%) живеат во села каде се снабдуваат со вода за пиење само од бунари и јавни чешми и се без пристап до безбедна вода за пиење***.

**Во села** ***без пристап до одвод на отпадни води живеат 2486 жители или 60% од населението***.

**100% од населението немаат третман на отпадните води** и покрај тоа што постои пречистителна станица во с.Гиновци со капацитет над 1000 корисници но не е пуштена во функција.

## ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

**Општина Старо Нагоричане** е една од најсеверните општини во Република Македонија, во којашто постојано живеат **4840 жители во 39 населени места.** Најголем дел од општината се наоѓа на планината Козјак и нејзините јужни падини, попозната како Козјачија, а потоа на источните падини на планината Руен и низ широката долина на реката Пчиња. Од исток и југоисток општината граничи со териториите на Општините Кратово и Ранковце, кон запад и југозапад е ограничена со територијата на Општината Куманово, додека на северната страна истовремено е и државната гранична линија со Република Србија. Поради специфичната релјефна структура на дел од просторот на општината се формирани населби од разбиен маалски тип, таканаречен џематски тип, односно физиономијата на населбите се одликува со маала, но има и поединечни куќи кои се разделени помеѓу себе. Во селото Стрновац оддалечено 2.800 метри од центарот на општината има површинска емисија на термоминерална вода со температура од 39-40$^0$C.

## СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Вкупно население во **Општината Страро Нагоричане** изнесува 4840 од кои 11,4% или 555 жители живеат во с. Старо Нагоричино - како центар на истоимената Општина (што во пополнувањето на бодовната картичка е земено како процент на население во урбана област), а во останатите 38 населени места живеат 88,6% од населението, односно 4285 жители на население во руралната област во општината. Густина на населеност во општината изнесува 11,17 жители/ km$^2$ . **Од вкупното население во Општината Старо Нагоричино** ***1474 жители или 30,45% од населението живеат во села каде се снабдуваат со вода за пиење од природни извори и бунари и се без пристап до безбедна вода за пиење.*** **Без пристап до одвод на отпадни води и третман на отпадни води е 100% од населението во општината.**

Јавни финансиски средства потрошени на секторот за вода и санитација во **2014** година, како средства за услуги од страна на водовод изнесувале ***500 000,00 ден***. Во **2015** година во буџетот се планирани ***1,5 милиони денари*** за секторот вода и санитација. За обезбедување на еднаков пристап до вода и санитација одобрени се 900,000 евра од ЕБОР преку Министерството за транспорт и врски за реализација на проектот изградба на водовод.

| Менаџерски рамки на управување за реализација на еднаков пристап до исправна вода за пиење и санитација | **КУМАНОВО** | **СТАРО НАГОРИЧАНЕ** | **КРИВА ПАЛАНКА** | **РАНКОВЦЕ** | **КРАТОВО** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 Стратешка рамка за постигнување на еднаков пристап | **НА** | **НА** | **НА** | **НА** | **НА** |
| 1.2 Секторски финансиски политики бодување | **1,83** | **1,333** | **1,83** | **1,75** | **1,16** |
| веродостојност | **висока** | **висока** | **висока** | **висока** | **висока** |
| 1.3 Права и должности на корисниците и носителите на права бодување | **1,5** | **1,25** | **2,5** | **1,5** | **1,5** |
| веродостојност | **висока** | **висока** | **висока** | **средна** | **средна** |

**1.2 Секторски финансиски политики**

**Во општина Куманово** висината на финансиските средства потребни за да се постигне еднаков пристап до безбедна вода за пиење и санитација е проценета преку одредување на финансиски средства потребни за реализација на **Физибилити студија за подобрување на систем за одведување и третман на отпадни води со која се опфатени делумно и рурални населби.** Во прва фаза предвидени се **5.694,720 евра**. Изворите на финансирање за постигнување еднаков пристап до безбедна вода за пиење и санитација се идентификувани и тоа за спроведување на прва фаза од Физибилити студија се обезбедени финансиски средства од Државен буџет 15 % и 85% од ИПА фондови. **Целосна проценка во однос на потребните финансиски средства за еднаков пристап до вода и санитација за руралната средина не е извршена.**

Во **Општината Старо Нагоричино** висината на финансиските средства потребни за да се постигне еднаков **пристап до безбедна вода за пиење и санитација** и **изворите на финансирање се идентификувани до одреден степен**. Обезбедени се средства од ЕБОР за водоводи за одредени маали во селата Младо Нагоричино и Алгуња. За проектот за водовод во селата Жегљане, Степанце и Карловце - сеуште не се обезбедени средства како и за **Проектот за фекална канализација** со пречистителна станица за с.Старо Нагоричино.

Во **Општина Крива Паланка** изработена е **Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа за 2015 год.**

Во **Општина Ранковце** изготвени се **проекти за одредени населени места** и поради тоа во целост не е проценета висината на средствата потребни за постигнување на еднаков пристап до безбедна вода за пиење Изворите на финансирање не се идентификувани бидејќи со одредени проекти е аплицирано кај повеќе фондови и нема одговор сеуште.

Во Општина Кратово нема изработено стратегија, **односно** не е извршена процена **за постигнување еднаков пристап до безбедна вода за пиење и санитација.**

Во сите пет општини градската власт јавно известува за распределбата на финансиските ресурси преку web страна на општината, седници од совет, седници од отворен карактер, јавни гласила на општината. Завршните сметки од јавни претпријатија се разгледуваат и усвојуваат на седници на советот. Постои и законска основа за достапност на информациите од јавен карактер – Сл. весник 13/2006 "Слободен пристап до информации од јавен карактер" која се почитува.

### 1.3 Права и должности на корисниците и носителите на права

Со склучување на договор со комуналното претпријатие корисниците се информирани за своите права и обврски. Давателите на услуга ( комуналното претпријатие) е достапно за секоја информација во однос на квалитетот и квантитетот на испрачаната вода. Водоводите кои ги одржуваат месните заедници или локалното население односно самите корисници, истите си ги одредуваат своите права и обврски а информации за квалитетот на водата добиваат од Центарот за јавно здравје (ЦЈЗ) - резултати од извршени анализи и предлог мерки. Носители на права можат да бараат обештетување согласно законските регулативи.

# II - дел

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ - ОПШТИНА КУМАНОВО

**Жителите на градот и околните населби имаат 95% пристап до безбедна вода за пиење.**

**Во руралната средина** во општина Куманово во 4 села со 9664 жители или 32,33% од руралното население користат безбедна вода за пиење од градскиот водовод.

Во 14 села со 12226 жители или **36,2 % имаат пристап до вода во домот од локални/мали водоводни системи** (***15,6% во 2014 година и 29,1% во 2009 година од испитаните мостри се бактериолошки неисправни***).

Во 30 села со 7997 жители или **31,5 % користат вода за пиење од јавни чешми** во населеното место и **индивидуални бунари** (***20,5% во 2014 година и 47,6% во 2009 година од испитаните мостри се бактериолошки неисправни***). (Графикон 1 и 2)

Г. 1 Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области,
Г. 2 Бактериолошки неисправни мостри вода за пиење (%) во руралните области во 2009 / 2014







**Квалитетот и безбедноста на водата** за пиење во селата со локални водоводи но и со јавни чешми **е подобрена во 2014** година во однос на 2009 година како резултат на подигање на јавната свест за безбедна вода за пиење и превземени иницијативи на

локалното население (повремена дезинфекција на водата, обезбедување на санитарно заштитни зони околу водозафатите, чистење на резервоарите).

Стапка на **пристап до санитација и третман** на отпадната вода **во урбаната средина** во општината изнесува **93%** (2013 година). Во Општина Куманово во индустриската зона Доброшане во 2005 година завршена е изградбата на пречистителна станица со капацитет од 100 000 ЕЖ и можност за доградба при што капацитетот би се зголемилл од 150 000 до 200 000 ЕЖ, производство на биогас и биоѓубрива. (Слика 1 и 2)





Слика 1. Пречистителна станица населба Доброшане; Слика 2. Доводен колектор со пумпна станица

**Од вкупното население во рурална средина само 23,1% имаат пристап до санитација и третман на отпадните води.**

**Во 44 села со 22464 жители или 77,9%** отстранување на комунални отпадни води се врши преку септички или попивни јами. (Графикон 3)

Графикон 3. Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области




Во Општина Куманово **за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода и санитација *во 2014 потрошени се 0,6 евра по жител*** или **0,3-0,4%** од буџетот на општината. За **2016-2017 година** со реализација на Физибилити Студија потрошени јавни финансиски средства за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода за пиење и санитација ќе изнесуваат ***53 евра по жител***.

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ - ОПШТИНА КРАТОВО

**Жителите на градот Кратово имаат 99% стапка на пристап до безбедна вода за пиење**. Во руралната средина 2497 жители во 15 села имаат пристап до вода од **регионален водовод**, 51 жител од 1 село има пристап до вода од **локален водовод**. **Од вкупното рурално население 72,4% имаат пристап до безбедна вода.**

**Во 14 села** со 920 жители или **27,5%** од вкупниот број на жители од руралните области користат вода за пиење од **јавни чешми и др. вид водоводни објекти.** (Граф 4)

Графикон 4. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области




Од јавните чешми кои ги користи населението во **2009 година** испитани се 92 мостри на вода од кои 39 примероци или ***42,4% се бактериолошки неисправни***. Во **2014 година** испитани се 139 мостри на вода од овие објекти од кои 37 ***(26,6%) се бактериолошки неисправни***. (Гр. 5)

Графикон 5. Бактериолошки неисправни мостри вода за пиење (%) во руралните области во 2009/2014 година




Намалувањето на процентот на бактериолошки неисправни примероци се должи на превземање на санитарно хигиенски мерки за заштита и чистење на каптажите по препорака на Ц. Ј. Здравје - Куманово.

**Во градот Кратово 99% од урбаното население имаат пристап до санитација** (централен систем за одведување на отпадните води).

Во руралната средина **1160 жители** од **6 населени места** или **32,9%** од населението имаат **пристап до санитација.**

Во останатите 24 села **2357 жители (67,1%)** користат **индивидуални септички јами** за отстранување на отпадните води. (Графикон 6)

Графикон 6. Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области




Во Општина Кратово **за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода и санитација** во ***2014 година се потрошени околу 1€ (60,8 денари) по жител.***

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ - ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Жителите на градот Крива Паланка имаат 99% стапка на пристап до безбедна вода за пиење.**

Во 25 села со 5667 жители или **90,5%** од вкупниот број на жители од руралните области користат вода за пиење од **локални водоводи** (***10,5% во 2014 година и 32,5% во 2009 година од испитаните мостри се бактериолошки неисправни***).

Во 8 села со 595 жители или **9,5%** од вкупниот број на жители од руралните области користат вода за пиење од **јавни чешми и извори** (***9,1% во 2014 година и 24,3% во 2009 година од испитаните мостри се бактериолошки неисправни***). (Граф. 7 и 8)







Г. 7 Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области
Г. 8 (десно) Бактериолошки неисправни мостри вода за пиење (%) во руралните области во 2009/2014 година

***Евидентно е значително намалување на бактериолошки неисправни мостри на вода како резултат на превземање на одржувањето и управувањето со дел од локалните водоводи од страна на комуналното претпријатие.***

**Жителите на градот Крива Паланка имаат 99% стапка на пристап до санитација**. Отстранувањето на комунални отпадни води се врши преку канализација без пречистителна станица.

**Во рурална средина 1446 жители или 23,1%** имаат пристап до санитација (отстранување на комунални отпадни води се врши преку канализација).

**Без пристап до санитација се 4815 жители или 76,9%** од руралното население кое користи септички јами за отстранување на комунални отпадни води. (Графикон 9)




Г. 9 Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области

Во Општина Крива Паланка **за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода и санитација *потрошени се 85 евра по жител*** во ***2014 година. Нема податоци за 2009 година.***

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ - ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

**Жителите на селото Старо Нагоричане (седиште на руралната Општина Старо Нагоричане) имаат 100% стапка на пристап до безбедна вода за пиење**.

**Во 2014** година 11 села со 2810 жители или **65,7%** од вкупниот број на жители од руралните области користат вода за пиење од **локални водоводи** (***12,8% од испитаните мостри се бактериолошки неисправни***).

**Во 2009** година 2686 жители или **62,6%** од жителите користат вода за пиење од **локални водоводи** (***34,7% од испитаните мостри се бактериолошки неисправни***).

Во 2014 година 27 села со 1474 жители или **34,3%** од вкупниот број на жители од руралните области користат вода за пиење од **јавни чешми и индивидуални бунари.**

**Во 2009 година 37,3%** од населението било **без пристап до безбедна вода** (***16,6% во 2014 година и 42,8% во 2009 година од испитаните мостри се бактериолошки неисправни***). (Графикон 10 и 11 )







Г. 10 (лево)Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области
Г. 11 (десно) Бактериолошки неисправни мостри вода за пиење (%) во руралните области во 2009/2014 година

Квалитетот и безбедноста на водата и пристапот до вода е подобрена како резултат на превземените иницијативи и активности на општината и на локалното население (повремена дезинфекција на водата за пиење, формирање на заштитни зони) во согласност со укажаните предог мерки од страна на ЦЈЗ Куманово.

Во целата општина Старо Нагоричане отстранувањето на отпадните води од домаќинствата се врши преку индивидуални септички јами. **Без пристап до санитација се 4840 жители или 100% од населението.**

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ - ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Во селото **Ранковци** кое при пополнувањето на Бодовната картичка е земено како урбана област бидејќи е седиште на општината, **95% од населението има пристап до безбедна вода** за пиење а само 5% користат сопствени бунари (по сопствен избор).

Во **2014** година во руралната област во 8 села со 2480 жители или **82,3% од руралното население има пристап до безбедна вода за пиење** од **локални водоводи**.

Во **2009** година **стапка на пристап до безбедна вода за пиење во руралната област** во општината изнесувала **59,3%.**

Во 9 села со **534 жители** или **17,7%** од вкупниот број на жители од руралните области користат вода за пиење од **индивидуални водоснабдителни објекти**. Во **2009 година 758** жители користеле вода за пиење од **сопствени водоснабдителни објекти.** (Графикон 12)

***Евидентно е подобрувањето до пристап на безбедна вода за пиење во периодот од 2009 до 2014 година.***







Г. 12. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области
Г. 13.(десно) Бактериолошки неисправни мостри вода за пиење (%) во руралните области во 2009/2014 г.

Квалитетот и безбедноста на водата во селата со **локални водоводи** е исто така подобрена во 2014 година во однос на 2009 година како резултат на превземените иницијативи и активности на ЈКП Чист Ден (дезинфекција на водата за пиење). (Г. 13)

Во **селото Ранковце *стапката на пристап до санитација во 2014 година изнесува 95%,*** што е значително подобрена во однос на ***2009 година кога стапката изнесувала 70%***.

**Подобрување** во пристапот до санитација е значителен и во **руралната средина**. Во 3 села со 979 жители или ***32,48% отстранувањето на отпадните води се врши преку канализација***. Во останатите 14 населени места со 2036 жители ***(68%) отстранувањето на отпадните води се врши преку индивидуални септички јами***. (Графикон 14)

Графикон 14. Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области




При пополнување на бодовната картичка за еднаков пристап селата Ранковце и Старо Нагоричино кои се седиште во истоимените општини се земени како урбана област (функционално средиште на населените места во опкружувањето), а останатите населени места како рурална област во оштината.

Стапка на пристап до безбедна вода за пиење во Североисточниот регион е значително повисока во урбаните области односно во градските подрачја, во споредба со руралните. Карактеристично во регионот е што во сите општини освен во општина Куманово со поголемиот број на локалните водоводи во руралната средина управуваат комуналните претпријатија и се практикува дезинфекција на водата. Единствено во Општина Старо Нагоричино управувањето е само на ниво на техничко одржување на мрежата. Затоа кога зборуваме за пристап до вода за пиење може да се каже дека одредени рурални подрачја имаат пристап до вода за пиење со понизок (полош / променлив) квалитет во однос на останатото население.

Во целиот североисточен регион пристапот до санитација во смисла на централизирано собирање на фекалните отпадни материи од домаќинствата заостанува во однос на пристапот до вода за пиење.

| Намалување на географските разлики | КУМАНОВО | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | КРИВА ПАЛАНКА | РАНКОВЦИ | КРАТОВО |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 Јавни политики за намалување на разликите во достапноста меѓу географските области бодување | 1,4 | 0,6 | 1 | 1,4 | 1,2 |
| веродостојност | висока | средна | висока | средна | висока |
| 2.2 Јавни политики за намалување на ценовните разлики помеѓу географските области бодување | 0,25 | НА | 1 | 1,25 | НА |
| веродостојност | висока | | средна | средна | |
| 2.3 Географска распределба на надворешна поддршка бодување | 2 | 1,5 | 2 | 3 | 2,5 |
| веродостојност | висока | висока | висока | висока | висока |

## 2.1 Јавни политики за намалување на разликите во достапноста меѓу географските области

***Куманово***

Со Програма за развој на Општина Куманово за 2015 година предвидена е изградба и реконструкција на системи за јавно водоснабдување и канализација на територија на Општина Куманово каде **руралната средина е делумно опфатена**, главно онаму каде е технички изводливо поврзување и во оние населби кои се територијално блиску со урбаната област како с. Режановце, Речица, дел од Лопате, Г. Којнаре, Доброшане, Черкезе и дел од населбата Средорек. Генерално не постои политика насочена/фокусирана кон превземање на управувањето со локалните водоводи во руралните области и одржување на квалитетот на водата.

***Крива Паланка***

Постои проектна документација за целосно снабдување на градот со вода за пиење - (висока зона), доизградба на канализациона мрежа во непокриени делови (Бојанов Дол). За рурална средина постои јавна политика за превземање на локалните водоводи на понатамошно управување и одржување ако корисниците односно месните заедници тоа го побараат од Советот на Општината. Доизградба на водоводни мрежи како и реконструкција и санација на старите водоводни мрежи и водоснабдителни објекти во селата се предвидени како приоритети во **Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општина Крива Паланка за 2015 година.**

***Кратово***

Во општина Кратово 14 села се обезбедени со вода до домот преку регионален водовод, но е потребно да се вложат инвестиции во човечки ресурси и нивна едукација. Но и покрај тоа, поголемиот дел од населението како вода за пиење ги користи јавните чешми и бунари на својата територија. ЦЈЗ по Програмата за јавно здравје го следи квалитетот на водата за пиење од 29 јавни чешми во руралното подрачје на општина Кратово, 7 крајпатни чешми како и 7 објекти во урбано подрачје кои ги користи населението во градот.
Со програмата за уредување на градежно неизградено земјиште се опфатени и проекти за одведување на вода до урбаните средини.

***Ранковце***

Подршка за испорака на вода и санитација постои за сите населени места но реализацијата зависи од финансиските средства и од техничката можност за изведба.

***Старо Нагоричино***

Се изработуваат проекти за селата во општината но постојат и села од расфрлен тип кои претставуваат потешкотија во реализација на пристапот и ја покачува и цената.
Локалните водоводи во општина Старо Нагоричино се градени одамна без да се покрене иницијатива за паралелна изградба и на систем за одведување на отпадните води. Реализацијата на проектот за фекална канализација со пречистителна станица за с.Старо Нагоричино изработен уште во 2006 година, но се соочува со проблемот на подршка од страна на Советот на Општината.

**Генерално во североисточниот регион постои политика за намалување на географските разлики за еднаков пристап до вода за пиење и санитација но средствата со кои располагаат општините не се доволни, затоа се бараат средства од државни институции (министерства, фондови, агенции), меѓународни програми и фондови но кои со сигурност не можат да бидат предвидени.**

Во однос на **<u>проценка на пристапот и безбедноста</u>** на водата за пиење како јавна политика на национално ниво може да се смета воспоставената Програма за јавно здравје финансирана од МЗ а која ја реализираат Центрите за јавно здравје.

**2.2 Јавни политики за намалување на ценовните разлики помеѓу географските области**

Во рурална средина - каде стопанисувањето со водоснабдителните системи е на ниво на МЗ се плаќа вода според потрошувачка по цена која е формирана од месната заедница за областа на снабдување. Цената е пониска бидејќи и трошоците се пониски (**<u>нема преработка на вода и нема одведување на отпадните води - се користат септички јами</u>**).

Постојат механизми за следење на цените, како и на трошоците за обезбедување на вода и санитарни услуги преку квартални и годишни извештаи на комуналните претпријатија како и влезни и излезни фактури за сите трошоци.

**2.3 Географска распределба на надворешна поддршка**

**<u>Јавните власти ги идентификуваат областите кои заостануваат</u>** и имаат потреба од надворешна поддршка. Во процесот на идентификација голема улога имаат Центрите за јавно здравје преку своите годишни извештаи што се доставуваат до Советот на општината но и преку Советите за јавно здравје во општините.

# III - дел

Во групата на ранливи и маргинализирани лица во Североисточниот регион се опфатени: **деца од градинки, ученици, ученици во средношколски дом, хоспитализирани пациенти, затвореници, како и лицата со социјален ризик кои се изложени на ризици по однос на**: здравјето, старост и стареење, еднородителско семејство, невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа, сиромаштија и ризици од друг вид на социјална исклученост.

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ ВО ОПШТИНА КУМАНОВО

Во **2014 година** групата на ранливи и маргинализирани лица во Општина Куманово која ги офаќа 7532 лица со право на парична помош од социјална и детска заштита 1457 деца корисници на градинка, 24 деца од Дневен центар за лица со посебни потреби до 18 години, 21 дете од Дневен центар за лица со посебни потреби над 18 години и ученици сместени во ученички дом - 70 деца или вкупно **9104** лица претставува **8,6%** од вкупната популација во општината. Во **2009 година** оваа група на ранливи и маргинализирани лица опфаќа **9149** лица. **За 3096 лица (34%) од оваа група на ранливи и маргинализирани лица со сигурност може да се каже дека имаат пристап до безбедна вода за пиење и санитација.**

**ЈЗУ Општа болница Куманово** е единствена болница во општината и е со искористеност на болничкиот капацитет од 49,4% (2009 година) до 59,4,% (2014 година) и има ***доволни и соодветни услуги за вода за пиење и санитација***.

Училишната популација во Општина Куманово ја сочинуваат 17 259 ученици во 2014, а во 2009 година изнесувала 19 536 ученици.

Во Општина Куманово во **19 училишта** каде учат ***91,14% од вкупниот број на ученици се користи безбедна вода за пиење од градскиот водовод***, додека во 8 училишта каде учат ***3,99%*** од вкупниот број на ученици користат вода за пиење од ***локални водоводи*** која е ***бактериолошки неисправна и тоа 21,1% во 2014 година и 32,8% во 2009 година***. Во 11 училишта каде учат 840 ученици или 4,87% од вкупниот број ученици во општината користат вода за пиење од ***сопствени објекти (чешми и бунари)*** која е ***бактериолошки неисправна од 41,3 до 69,3%***.

Причина за високиот процент на бактериолошки неисправни примероци на водата во училишните објекти е ***недостаток од дезинфекција на водата за пиење***. (Граф. 15 и 16)







Г.15. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на ученици во О. Куманово во 2014
Г. 16 (десно) Бактериолошки неисправни мостри вода (%) од училишта во руралните подрачја во 2009/2014 г.

***Во 19 училишта каде учат 91,14% од вкупниот број на ученици отстранување на течен комунален отпад се врши преку канализација***. Тоа се сите училишта во урбаната средина. Во 19 училишта сите во **рурлната средина** со ***8,86 % ученици, отстранување на течен комунален отпад се врши преку септички јами и полски WC-а.*** (Графикон 17)

Г 17. Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на ученици во Општина Куманово во 2014 г.




**КПУ Затвор Куманово** со отворено одделение во Крива Паланка лоциран во с. Кшање со капацитет за 250 корисници има ***доволни и соодветни услуги за вода и санитација.***

**Домот за стари лица** во Општина Куманово е единствен објект од овој тип во регионот и има ***доволни и соодветни услуги за вода за пиење и санитација***.

**Транзитниот центар за мигранти** лоциран на граничниот премин с.Табановце има ***доволни и соодветни услуги за вода за пиење и санитација.***

**Во Општина Куманово 4256 жители се изјасниле како Роми што претставува 4,03% од вкупното население.**

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Во 2014 година групата на ранливи и маргинализирани лица во Општина Крива Паланка ги офаќа 1525 лица со право на парична помош од социјална и детска заштита, 315 деца корисници на градинка, 23 лица од Центарот за лица со посебни потреби и 668 Роми или вкупно **2531** лица, што претставува **12,1%** од вкупната популација во општината. **Сите лица од овие ранливи и маргинализирани групи во Општина Крива Паланка имаат пристап до безбедна вода за пиење и санитација.**

**ЈЗУ Здравствен дом во Крива Паланка,** Центарот за дијализа и 10-те ПЗУ имаат ***доволни и соодветни услуги за вода за пиење и санитација.***

Искористеноста на болничкиот капацитет се движи од 81,3% во 2009 година, до 47,2% во 2014 година.

Училишната популација во Општина Крива Паланка ја сочинуваат 2305 ученици во 2014 и 2808 ученици во 2009 година. Во **4 училишта** каде учат ***88,5% од вкупниот број на ученици се користи безбедна вода за пиење од градскиот водовод***, додека во 11 училишта каде учат **11,45%** од вкупниот број на ученици користат ***безбедна вода за пиење од локални водоводи.*** (Графикон 18)




Затворот во Крива Паланка има ***доволни и соодветни услуги за вода и санитација***. Во општина Крива Паланка **Ромската популација** е застапена со **3,2%** од вкупното население и сите ***имаат пристап до безбедна вода и санитација.***

Г 18. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен бр.на ученици во Оп. К. Паланка во 2014

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Евиденцијата за лицата кои припаѓаат во групата на ранливи и маргинализирани лица во Општина Ранковце се води во Крива Паланка.

Во Општина Ранковце во 4 училишни објекти каде учат **96,9% или 404 ученика** имаат **пристап до безбедна вода** од ***локалните водоводи*** и во 1 училишен објект каде учат **3,1%** од училишната популација се користи ***безбедна вода од сопствен водоснабдителен објект***. (Графикон 19)







Г. 19. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на ученици во О. Ранковце во 2014
Г. 20 (десно) Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на ученици во Општина Ранковце во 2014

***Во 4 училишта каде учат 67 ученици или 16,1% отстранување на течен комунален отпад се врши преку септички јами***. Во **само едно училиште (с.Ранковце) со 350 ученици** или ***83,9% отстранување на течен комунален отпад се врши преку канализација***. (Графикон 20)

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ ВО ОПШТИНА КРАТОВО

Во 2014 година групата на ранливи и маргинализирани лица во Општина Кратово ги офаќа 573 лица со право на парична помош од социјална и детска заштита, 156 деца корисници на градинка, или вкупно 729 лица, што претставува 6,98% од вкупната популација во општината. **За 21,4%** (корисници на градинка) **од овие ранливи и маргинализирани групи во Општина Кратово со сигурност може да се каже дека имаат пристап до безбедна вода за пиење и санитација.**

**ЈЗУ Здравствениот Дом во Кратово и Породилното одделение** како и **ПЗУ** во градот имаат ***доволни и соодветни услуги за вода за пиење и санитација***. Породилното одделение со 8 породувања во 2014 има искористеност на капацитетот од 1,4% а во 2009 искористеноста била 1,6%.

Во Општина Кратово училишната популација од основно и средношколска возраст брои 890 деца што претставува 8,5% од вкупната популација во општината.

Во Општина Кратово во **3 училишта** каде учат ***86,4% од вкупниот број на ученици се користи безбедна вода за пиење од градскиот водовод***. Во **6 училишни објекти каде учат 10% од вкупниот број на ученици** имаат пристап до вода од ***регионален водовод но е бактериолошки неисправна и тоа 17,6% во 2014 година заради дисконтинуирана дезинфекција на водата за пиење***. Во 4 училишта каде учат 32 ученици или **3,6% од вкупниот број ученици во општината** користат вода за пиење од ***чешми и бунари*** (***24,3% од мострите на вода се бактериолошки неисправни заради недостаток од дезинфекција на водата за пиење***). (Графикон 21)







Г 21. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на ученици во О. Кратово во 2014
Г 22. (десно) Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на ученици во Општина Кратово во 2014

***Во 6 училишта каде учат 792 ученици или 88,98% отстранување на течен комунален отпад се врши преку канализација*.** **Во 7 училишта** со 98 ученика или 11% отстранување на течен комунален отпад се врши преку септичка јама. (Графикон 22)

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ ВО ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Училишната популација во Општина Старо Нагоричане ја сочинуваат 331 ученик во 2014 и 347 ученици во 2009 година, што претставува 6,8% од вкупната популација во општината Во **8 училишта** каде учат ***90,6% од вкупниот број на ученици се користи вода за пиење од локални водоводи***. Во 5 училишта каде учат 31 ученик или **9,4 %** од вкупниот број ученици во општината користат вода за пиење од ***чешми и бунари***. (Граф.23)




Во Општина Старо Нагоричане **100%** од населението користат **септички јами**.

Графикон 23. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на ученици во Општина Старо Нагоричане во 2014 година

| Обезбедување пристап на ранливите и маргинализирани групи | КУМАНОВО | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | КРИВА ПАЛАНКА | РАНКОВЦЕ | КРАТОВО |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 Јавни политики за решавање на потребите на ранливите и маргинализирани групи<br>бодување | 1,6 | 1,8 | 1 | 1 | 1,4 |
| веродостојност | Висока | Висока | Висока | Средна | Висока |
| 3.2 Лица со посебни физички потреби<br>бодување | 0,75 | 1 | 1,25 | 1,75 | 1,5 |
| веродостојност | Средна | Висока | Висока | Висока | Висока |
| 3.3 Корисници во здравствени установи<br>бодување | 2,8 | | 2,8 | | 3 |
| веродостојност | Висока | | Висока | | Висока |
| 3.4 Корисници во образовни установи<br>бодување | 1,4 | 1,8 | 2,4 | 2,6 | 2,25 |
| веродостојност | Средна | Висока | Висока | Висока | Висока |
| 3.5 Корисници во домови за стари лица<br>бодување | 3 | / | | | |
| веродостојност | Висока | | | | |
| 3.6 Затвореници<br>бодување | 2,6 | / | 2,2 | | |
| веродостојност | Висока | | Средна | | |
| 3.7 Бегалци што живеат во бегалски кампови и центри<br>бодување | 2,6 | / | | | |
| веродостојност | Висока | | | | |
| 3.8 Бездомни лиц | | | | | |
| 3.9 Патници и номадски заедници<br>бодување | 1 | / | | | |
| веродостојност | Висока | | | | |
| 3.10 Лицата кои живеат во домување без вода и санитација<br>бодување | 1 | / | 1 | 1,8 | |
| веродостојност | Висока | | Средна | Средна | |

**3.1 Јавни политики за решавање на потребите на ранливите и маргинализирани групи**

***Во сите пет општини во североисточниот регион постојат јавни политики во однос на пристапот на вода и санитација насочени кон одредени категории на маргинализирани групи.***

**Во Општина Куманово** со одлука на Совет на општина Куманово бр 07-8565/15 од 18.12.2014 се врши субвенционирање за метријални трошоци за вода и санитација за лица кои се приматели на постојана парична помош. Во 2014 година корисници на субвенции за

вода биле 1374 лица. Трошокот за вода и санитација на центарот за лица со ментална попреченост во развој постари од 18 години (Порака Наша) - се покрива од буџетот на општината, како и дотација за подмирување на технички потреби према потребата на училиштата во основно и средно образование.

Во буџетот на **Општината Старо Нагоричино** има планирани средства (200,000.оо денари) за социјално загрозени семејства од кои со одлука на Советот се врши исплата, но во однос на пристапот кон вода и санитација фамилија со новороденче е ослободена од плаќање на сметката за вода во период од 24 месеци.

**Во Општина Крива Паланка** јавната политика е насочена кон Ромската популација и со одлука на Советот на општината, ослободена е од плаќање на вода, што од друга страна создава одредени потешкотии во неконтролирана потрошувачка на вода со што други корисници се оштетени во однос на достапност на доволни количини на вода.

Во руралната **Општина Ранковци** јавната политика е насочена кон инвалидизираните лица и истите имаат бесплатен приклучок на вода и канализација.

**Општината Кратово** која исто така се смета за рурална општина обезбедува помош на критичните граѓани со црева за вода или канализациони цеви и практикува да во новоизградените објекти се изведуваат засебни санитарии опремени за инвалидизирани лица. Исто така на посиромашните семејства е овозможено трошковите за вода да ги покриваат со времено ангажирање (одработување).

Релевантните политики во секторот образование, здравство, социјална заштита домови за стари лица и затвори ја земаат предвид нивната улога во обезбедувањето на пристап до вода и санитација на ранливите и маргинализирани групи.

Јавните буџети од Министерствата за здравство, образование и наука, труд и социјална политика и Министерството за правда, обезбедуваат средства за решавање на потребите за вода и санитација во институциите што ги користат одредени ранливи и маргинализирани групи.

### 3.2 Лица со посебни физички потреби

И покрај тоа што постојат технички стандарди кои обезбедуваат воспоставување објекти достапни за лицата со посебни физички не се спроведуваат во целост поради недостаток на финансиски средства.

**Во Општина Куманово** ***има пристап за инвалидизирани лица во 7 јавни објекти од кои 3 здравствени установи, 2 училишта, Двата центра за лица со посебни потреби до 18 и над 18 години***

**Старо Нагоричино** - во централното училиште во с Старо Нагоричане има ***изграден лифт за полесен пристап на инвалидизирани лица, но нема тоалети за инвалидизирани лица***

***Крива Паланка*** - Акционен план за реализација на Програмата за социјална заштита предвидува средства од Општината, МТСП како и од донации наменети за ранливите и маргинализирани групи. За 2015 година планирани се 60.000 денари за подобрување на условите на живеење на ранливи групи, 20.000 денари за лица со посебни потреби - за рушење на бариери и 30.000 денари за подобрување на условите за живот на оваа категорија. **Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост** ***има соодветен пристап до вода и санитација.*** **Здравствениот Дом** ***има пристап за инвалидизирани лица, но нема тоалети за инвалидизирани лица.***

***Кратово*** - Санитариите во Јавните установи (училишта, центарот за инвалидизирани лица, кино сала) се изведени према посебни стандарди за инвалидизирани лица.

***Ранковце*** - ***Пристап за инвалидизирани лица има обезбеден единствено во едно училиште, но не и прилагодени тоалети за инвалидизирани лица***.

### 3.3 Корисници во здравствени установи

**Здравствените установи** во општините на Североисточниот Регион се пуштени во употреба согласно постојната законска регулатива за инфраструктурните карактеристики на објектот меѓу кои и за водоводни и канализациони инсталаци (Сл. Весник на РМ бр. 91/2013).

Во **Болницата во Куманово и Здравствениот Дом Крива Паланка** на ***секое одделение има санитарни јазли со посебни тоалети за мажи и жени и купатило за одржување на личната хигиена***, а во ***другите здравствени установи има тоалети за мажи и жени, без можност за одржување на менструална хигиена***. Во **Болницата во Куманово** има ***тоалети прилагодени за инвалидизирани лица***.

Пристапот до безбедна вода за пиење во **болниците и здравствените домови** во Регионот е ***финансиран од буџет на РМ*** - фонд за здравство како вкупни материјални трошоци на институцијата. Останатите здравствени установи - **приватни здравствени установи** (ординации) користат ***сопствени средства*** за подршка на пристапот до вода и санитација.

### 3.4 Корисници во образовни установи

Во соработка со надлежните институции континуирано се контролира пристапот до безбедна вода за пиење и санитација за корисниците на образовните установи. Се констатираат и се вршат интервенции за одржување на нужно ниво на одржливост на квалитетот на снабдување со вода и санитација на објектите од образовните установи и се покриваат со блок дотациите од Министерството за образование и наука. За поголеми интервенции и инвестиции постои недостаток на средства на овој план.

***Сите образовни установи во градот имаат пристап до безбедна вода и санитација.***

***Сите образовни установи во градот имаат посебни тоалети за мажи и жени како и во поголемите училишта во селата***, а во некои од **помалите подрачни училишта** имаат ***заеднички тоалети***. ***Образовни установи немаат соодветни капацитети за одржување на менструалната хигиена***.

***Училишните објекти во Општина Ранковце и Крива Паланка имаат пристап до безбедна вода за пиење и ја почитуваат законската обврска за контрола на квалитетот на водата за пиење во период додека работи објектот.***

### 3.5 Корисници во домови за стари лица

Единствено во Општината Куманово има Дом за стари лица со капацитет за 172 лица. Во моментов има 150 корисници од кои 70 се лежечки а 7 лица се со инвалидски колички и ***има обезбеден пристап до безбедна вода и санитација***. Во домот постои и алтернативен извор за водоснабдување.

### 3.6 Затвореници

**КПУ Затвор Куманово** со отворено одделение во Крива Паланка имаат ***пристап до безбедна вода за пиење и санитација***.

Има податоци за нивоата на пристап до безбедна вода за пиење и санитација во затворските установи. Управата за извршување на санкции при Министерство за правда обезбедува средства за поддршка на пристап до безбедна вода за пиење и санитација.

### 3.7 Бегалци што живеат во бегалски кампови и центри

Бегалскиот камп во с.Табановце е предвиден како транзитен центар во кој бегалците се задржуваат кратко време (неколку часа). Во согласност со акциски план за справување со мигрантите ***има обезбедено пристап до безбедна вода за пиење и санитација, посебни тоалети за мажи и жени***.

### 3.9 Патници и номадски заедници

Јавните сообраќајни објекти имаат безбедна вода за пиење и санитација, со капацитет за нормален проток на патници. Во градовите во регионот постојат јавни фонтани со безбедна вода за пиење но не постојат јавни тоалети и купатила. Во руралните средини постојат јавни чешми во населените места и крајпатни чешми кои се опфатени со контрола на квалитетот на водата и на самиот објектот.

**Организацијата на Црвениот крст во Куманово** во услови на зголемен проток на патници **- мигранти 2015 година**, во соработка со **УНХЦР** пред да се формира транзитниот центар во Табановце ја реализира политиката на ***обезбедување вода за пиење и санитација***.

### 3.10 Лица кои живеат во домување без вода и санитација

Во оваа категорија на ранливи и маргинализирани групи е опфатена Ромската популација. Во **Општина Куманово** има 4256 жители кои се изјасниле како Роми а од нив 64% се приматели на социјална помош. Невладини организации кои работат со ромската популација се активни и имаат спроведено исцрпни анкетни истражувања. Према истражување ЦРЗ Дром, постојат 1.095 ромски куќи во Куманово. Повеќето од нив се илегално изградени, сопственици се Роми но немаат документ за неа туку само за земјиштето. Тоа е и причината што имаат проблеми со вода и канализација: 40% ромските куќи во Куманово се легални (во центарот), а 60% од куќите се градени илегално. Најмногу се лоцирани во населбата Средорек. Со анкетно истражување во рамките на проектот Жената ромка - пат кон предизвици, опфатени се 912 особи од женската ромска популација, добиени се податоци дека ***90,4%*** во **Куманово** и ***100% во*** **Крива Паланка** ***имаат приклучок на канализациона мрежа***. Во однос на **пристапот до безбедна вода за пиење** ***92,4%*** од анкетираните во **Куманово** имаат ***вода во домовите***, а во **Крива Паланка** ***100% имаат централно водоснабдување*** (само едно семејство од анкетираните нема централно водоснабдување).

***Општината Ранковце*** во консултации на терен има податоци за жители кои немаат пристап до вода за пиење од систем за снабдување, но не располага со доволно финансиски средства за обезбедување на пристап до вода за сите кои припаѓаат на општината.

# IV - дел

## ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДАТА И САНИТАЦИЈАТА ДОСТАПНИ ЗА СИТЕ

| Одржување на водата и санитацијата достапна за сите | КУМАНО-ВО | СТАРО НАГОРИЧИНО | КРИВА ПАЛАНКА | РАНКОВЦИ | КРАТОВО |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 Јавни политики за обезбедување достапност на сметката за вода и санитарни услуги | 1 | 1,67 | 0,2 | НА | 0,4 |
| веродостојност | Висока | Висока | Висока | | Висока |
| 4.2 Тарифни мерки | НА | НА | НА | НА | НА |
| 4.3 Мерки за социјална заштита бодување | 1 | 1 | 1 | 0,6 | / |
| веродостојност | Висока | Висока | Висока | Средна | |

Износ на просечна сметка за вода и санитација на годишно ниво во Куманово изнесува 170€ , Ранковце 81€, Старо Нагоричино 5€ просек, Кратово 120 €евра.

**4.1 Јавни политики за обезбедување достапност на вода и санитарни услуги**

Јавните политики за достапност на вода и санитарни услуги се насочени кон социјалните случаи кои се примателите на постојана парична помош, кон Ромската популација, фамилии кои имаат новороденче до 24 месеци, а за инвалидизирани лица во општина Ранковце како бесплатен приклучок на водовод и канализација.

**4.2 Тарифни мерки**

**<u>Во Општина Куманово тарифните мерки се во фаза на подготовка и ќе почнат да се применуваат од 2018 година</u>.**

**4.3 Мерки за социјална заштита**

Јавните власти го анализирале влијанието на различните алтернативи за решавање на прашањата со достапноста преку мерки за социјална заштита и се во насока на избегнување на неплаќање на сметките.

# 1 Дел




## ОПШТИНА ВЕЛЕС

Центар на Општина Велес е градот Велес сместен во средишниот дел на Македонија, поточно на бреговите на реката Вардар на надморска височина од 206 м.н.в. со површина од 427,45 km$^2$. Општина Велес според Пописот од 2002 година брои население од 55 108 жители со густина на населеност од 128,9 жители на km$^2$. Тој претставува значаен сообраќаен јазол каде што се вкрстуваат најважните патни и железнички сообраќајни правци на меѓународниот сообраќаен коридор, кој ја поврзува Европа со Блискиот Исток и Северна Африка. (Карта 1)

Карта 1. Карта на Оштина Велес (десно)




## СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Општина Велес** има 55.108 жители од кои 43.716 или 79,3% живеат во градот, а 11.392 или 20,7% живеат во селата.

Во 2014 година бројот на невработе-ни лица (3.222) во градот е намален за три пати во однос на 2009.

**Од вкупното население во Општина Велес *756 жители (1,4%) живеат во села каде се снабду-ваат со вода за пиење само од бунари и јавни чешми и се без пристап до безбедна вода за пиење*. Во села *без пристап до одвод на отпадни води живеат 965 жители или 1,7% од населението*. Најголем број од населението (93,1%) во градот и селата на Општина Велес се без пристап до третман на отпадните води.**

Јавните финансиски средства потрошени во секторот за вода и санитација во 2009 година биле 44.291.872,00 денари, а во 2014 година биле 54.192.576,00 денари. ***Евидентно е зголемувањето на потрошените средства за 10 милиони денари во 2014 година***.

Јавните финансиски средства потрошени за обезбедување на еднаков пристап до вода и санитација биле 60.976.213,00 денари во период 2009-2014 година, а во период 2007-2009 година биле 18.500.000,00 денари. ***Евидентно е зголемувањето на потрошените средства за 42 милиони денари во периодот 2009-2014 година***.

| Менаџерски рамки на управување за реализација на еднаков пристап до исправна вода за пиење и санитација | БОДУВАЊЕ | ВЕРОДОСТОЈНОСТ |
|---|---|---|
| 1.1 Стратешка рамка за постигнување на еднаков пристап | НА | НА |
| 1.2 Секторски финансиски политики | 1,33 | Висока |
| 1.3 Права и должности на корисниците и носителите на права | 1,25 | Висока |

### 1.2 Секторски финансиски политики

**Висината на финансиските средства потребни за да се постигне еднаков пристап до безбедна вода за пиење и санитација** е проценета со ***Тригодишна Предлог План Програма за реконструкција на водоводни и канализациони линии на територија на Општина Велес (2016-2018 година) во износ од 181.177.249,00 денари***.

Во планската документација земени се во предвид речиси сите рурални области како и населби со различна етничка структура каде отсуствуваат системи за водоснабдување и санитација. Не се разгледувани прашањата на субвенционирање или ослободување од финансирање на носители на права кои немаат пристап до водоснабдување и санитација.

### 1.3 Права и должности на корисниците и носителите на права

Во општината постои ***службено лице за слободен пристап на информации од јавен карактер*** каде може да се обратат носителите на права и да ги дознаат своите права и обврски, како и да дојдат до релевантни информации.

Се спроведува Годишна анализа на задоволството на корисниците на услугите меѓу кои и на корисниците на комуналните услуги со што може да учествуваат во процесот на донесување одлуки во поглед на нивото и квалитетот на пристапот што го добиваат.

# 2 Дел

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ

**Општина Велес** ја сочинува градот Велес и 28 села: Башино Село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Каласлари, Горно Оризари, Долно Каласлари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуњиште, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Ораовец, Отовица, Раштани, Плевци, Рудник, С'лп, Сливник, Сојаклари, Сопот, Црквино, Чалошево и Џидимирци.

**Жителите на градот Велес имаат 100% стапка на пристап до безбедна вода за пиење**.

Во 2 села со 5.236 жители или **46,0%** од вкупниот број на жители од руралните области користат безбедна вода за пиење од **градскиот водовод**.

Во 13 села со 5.400 жители или **47,4%** од вкупниот број на жители од руралните области користат вода за пиење од **локални водоводи** (34,9% во 2014 година и 49,1% во 2009 година од испитаните мостри се бактериолошки неисправни).







Г 1.(лево) Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области

Г 2. (десно) Бактериолошки неисправни мостри вода за пиење (%) во руралните области во 2009/2014 г.

Во 13 села со 756 жители или **6,6%** од вкупниот број на жители од руралните области користат вода за пиење од **јавни чешми и др. вид водоводни објекти** (70,8% во 2014 година и 50,0% во 2009 година од испитаните мостри се бактериолошки неисправни). (Графикон 1 и 2)

Квалитетот и безбедноста на водата во селата со **локални водоводи** е подобрена во 2014 година во однос на 2009 година како резултат на превземените иницијативи и активности на општината и на локалното население (повремена дезинфекција на водата за пиење) во согласност со укажаните предог мерки од страна на ЦЈЗ Велес кој директно е вклучен во овој процес преку Советот за јавно здравје.

**Жителите на градот Велес имаат 100% стапка на пристап до санитација**, отстранување на комунални отпадни води се врши преку канализација без пречистителна станица во водите на река Вардар.

**Во 12 села со 10427 жители или 91,5%** отстранување на комунални отпадни води се врши преку канализација од кои само во 5 села со 3835 жители (33,7%) има изградено пречистителни станици, а само во ***3 села со 3.405 жители (29,9%) пречистителните станици се во функција***.

**Графикон 3. Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на жители во руралните области**




**Во 16 села со 965 жители или 8,5%** отстранување на комунални отпадни води се врши преку септички или попивни јами. (Графикон 3)

Во Општина Велес **за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода и санитација** во ***2009 година се потрошени 5,46 евра по жител***, а во ***2014 година 17,99 евра (3 пати повеќе)*** или **6,69%** од буџетот на општината.

| Намалување на географските разлики | БОДУВАЊЕ | ВЕРОДОСТОЈНОСТ |
|---|---|---|
| 2.1 Јавни политики за намалување на разликите во достапноста меѓу географските области | 1,6 | Висока |
| 2.2 Јавни политики за намалување на ценовните разлики помеѓу географските области | 0,5 | Ниска |
| 2.3 Географска распределба на надворешна поддршка | 1,5 | Средна |

**2.1 Јавни политики за намалување на разликите на пристап помеѓу географските области**

***Постои јавна политика за намалување на разликите меѓу урбаните и руралните области***. Предвидено е изградба и реконструкција на системи за водоснабдување и канализација на територија на Општина Велес.

За одржување на селските водоснабдителни системи каде што не постои давател на услуга, Општината обезбедува репроматеријали (цевки, фитинзи и резервни делови) за одржување на системите и надокнада за потрошена електрична енергија и стручна поддршка од ЈКП Дервен.

Општина Велес не располага со Буџет за реализација на сите потребни зафати и потребна е помош од државата и меѓународни институции.

**2.2 Јавни политики за намалување на разликите во трошоците помеѓу географските области**

Постојат механизми за следење на цените, како и на трошоците за обезбедување на вода за пиење и санитарни услуги. Висината на надоместокот за водоснабдување и санитација ја утврдува Советот на Општина Велес. Следењето на трошоците се врши преку квартални и Годишен извештај на ЈКП Дервен кој се усвојува од Советот на општината. Во селата со локални водоводи цената е различна и е минимална и со неа се покриваат основните трошоци за одржување и за потрошена електрична енергија**.**

**2.3 Географска распределба на надворешната поддршка за секторот**

Јавните власти ги идентификуваат во секторскиот план областите кои заостануваат и имаат потреба од надворешна поддршка. За реализација на дел од изготвените проекти идентификувана е потреба за надворешна поддршка. Агенцијата за финансиска поддршка и рурален развој во тековната 2013 и 2015 година одобри средства за изградба на Фекална канализација во село Раштани со пречистителна станица за отпадни води и водоснабдување на село Чалошево од градскиот водоснабдителен систем.

# 3 Дел

**КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Во групата на ранливи и маргинализирани лица во Општина Велес се опфатени: **деца од градинки, ученици, ученици во средношколски дом, хоспитализирани пациенти, затвореници, како и лицата со социјален ризик кои се изложени на ризици по однос на**: здравјето, старост и стареење, еднородителско семејство, невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа, сиромаштија и ризици од друг вид на социјална исклученост.

Во 2014 година оваа група опфаќа 19167 лица или 34,8% од вкупното население, а во 2009 година во вкупниот број од 17576 лица на оваа група не се опфатени лицата со социјален ризик поради неможност за нивна софтверска обработка. **Сите лица од овие ранливи и маргинализирани групи во Општина Велес имаат пристап до безбедна вода за пиење и санитација**.

**ЈЗУ Општа болница Велес** е единствена болница во општината и е со искористеност на болничкиот капацитет од 51,4% (2009 година) до 42,1% (2014 година) и има ***доволни и соодветни услуги за вода за пиење и санитација***.

Во Општина Велес има **евидентно намалување на бројот на ученици**. Трендот на намалување на бројот на ученици во 2014 година (7532) во однос на 2009 година (8219) е резултат на ***намалениот наталитет на населението во општината***.

Графикон 4. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на ученици во Општина Велес во 2014 година




Во Општина Велес во **13 училишта** каде учат ***91,6-91,7% од вкупниот број на ученици се користи безбедна вода за пиење од градскиот водовод***, додека во 7 училишта каде учат 2,4-2,6% од вкупниот број на ученици користат вода за пиење од ***локални водоводи*** која е бактериолошки неисправна и тоа 16,1% во 2014 година и 42,0% во 2009 година, заради дисконтинуирана дезинфекција на водата за пиење. Во 5 училишта каде учат 456-466 ученици или 6,0-5,7% од вкупниот број ученици во општината користат вода за пиење од ***чешми и бунари*** која е бактериолошки неисправна од 60,0 до 100,0%, ***заради недостаток од дезинфекција на водата за пиење***. (Графикон 4 и 5)




**Квалитетот и безбедноста на водата за пиење во училиштата кои се приклучени на локални водоводи е подобрена во 2014 година во однос на 2009 година** како резултат на превземените иницијативи и активности на општината и на локалното население во согласност со укажаните предог мерки од страна на Центарот за јавно здравје

Графикон 5. Бактериолошки неисправни мостри вода (%) од училишта во руралните подрачја во 2009/2014 година

.

***<u>Во 24 училишта каде учат 7456 -8161 ученици или 99,0-99,3% отстрану-вање на течен комунален отпад се врши преку канализација</u>***. Во само едно училиште (с.Сливник) со 76 - 58 ученици или 1,0 -0,7 % отстранување на течен комунален отпад се врши преку септичка јама. (Графикон 6)




Г. 6 Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на ученици во Општина Велес во 2014 година

**КПУ Идризово со отворено Одделение Велес** е единствен затвор во општината кој е со искористеност на капацитетот од 50,0% (2009 година) до 53,7% (2014 година) и има ***доволни и соодветни услуги за вода и санитација***.

| Обезбедување пристап на ранливите и маргинализирани групи | БОДУВАЊЕ | ВЕРОДОСТОЈНОСТ |
|---|---|---|
| 3.1 Јавни политики за решавање на потребите на ранливите и маргинализирани групи | 1,2 | Средна |
| 3.2 Лица со посебни физички потреби | 1,0 | Средна |
| 3.3 Корисници во здравствени установи | 2,8 | Висока |
| 3.4 Корисници во образовни установи | 2,8 | Висока |
| 3.5 Корисници во домови за стари лица | НА | НА |
| 3.6 Затвореници | 2,6 | Висока |
| 3.7 Бегалци што живеат во бегалски кампови и центри | НА | НА |
| 3.8 Бездомни лица | НА | НА |
| 3.9 Патници и номадски заедници | 2,0 | Средна |
| 3.10 Лицата кои живеат во домување без вода и санитација | НА | НА |
| 3.11 Лица без пристап до исправна вода за пиење и санитација на работните места | НА | НА |

### 3.1 Јавни политики за решавање на потребите на ранливите и маргинализирани групи

Општина Велес има изградено своја **акциона програма** која е во согласност со постојната законска регулатива за ***задолжително обезбедување на пристап до вода и санитација во образовните институции и другите јавни објекти кои ги користат ранливите и маргинализирани групи***.

Како политика до одреден степен во врска со сите потреби на ранливите и маргинализираните групи (лица приматели на социјална помош) во соработка со Центарот за социјална работа-Велес, надлежните министерства и институции, Општина Велес обезбедува материјални средства по повеќе основи, ***освен за субвенционирање на материјалните трошоци за вода и санитација на лица приматели на социјална помош***.

Јавните буџети од Министерствата за здравство, образование, труд и социјала и Министерството за правда, обезбедуваат средства за решавање на потребите за вода и санитација во институциите што ги користат одредени ранливи и маргинализирани групи, додека ***лицата приматели на социјална помош не користат субвенции на материјалните трошоци за вода и санитација***.

### 3.2 Лица со посебни физички потреби

Покрај задолженијата на инспекциските служби за почитување на законот за градење на јавните објекти за обезбедување на пристап за инвалидизирани лица истите немаат доволно финансиски средства за негова реализација.

***Во општина Велес има пристап за инвалидизирани лица само во 15 јавни објекти од кои 5 здравствени установи, 8 училишта, во Градска библиотека и Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост***, ***но никаде нема тоалети за инвалидизирани лица, освен во Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост***.

### 3.3 Корисници во здравствени установи

**Здравствените установи** во Општина Велес се пуштени во употреба согласно постојната законска регулатива за инфраструктурните карактеристики на објектот меѓу кои и за водоводни и канализациони инсталаци (Сл. Весник на РМ бр. 91/2013).

Во **Болницата** на ***секое одделение има санитарни јазли со посебни тоалети за мажи и жени и купатило за одржување на личната хигиена***, а во ***другите здравствени установи има тоалети за мажи и жени без можност за одржување на менструална хигиена***. Пристапот до безбедна вода за пиење во **болниците и здравствените домови** во Регионот е ***финансиран од буџет на РМ*** - фонд за здравство како вкупни материјални трошоци на институцијата. Останатите здравствени установи - **приватни здравствени установи** (ординации) користат ***сопствени средства*** за подршка на пристапот до вода и санитација.

### 3.4 Корисници во образовни установи

Во соработка со надлежните институции континуирано се контролира пристапот до безбедна вода за пиење и санитација за корисниците на образовните установи. Се констатираат и се вршат интервенции за одржување на нужно ниво на одржливост на квалитетот на снабдување со вода и санитација на објектите од образовните установи и се покриваат со блок дотациите од Министерството за образование и наука. За поголеми интервенции и инвестиции постои недостаток на средства на овој план.

***Сите образовни установи во градот имаат посебни тоалети за мажи и жени како и во поголемите училишта во селата***, а во некои од **помалите подрачни училишта** имаат ***заеднички тоалети***. ***Освен*** **средношколскиот дом и основното училиште во с. Горно Оризари*****, сите останати образовни установи немаат соодветни капацитети за одржување на менструалната хигиена***.

**3.6 Затвореници**

**Затворот КПУ-Идризово со отворено Одделение во Велес** има ***пристап до безбедна вода за пиење и санитација.*** Со цел да се подобрат санитарно - хигиенските услови во објектот поднесено е барање до Управата за извршување на санкции при Министерство за правда за реконструкција на водоводната и канализационата мрежа и на санитарните јазли, кое е планирано да се реализира во 2015 година.

**3.9 Патници и номадски заедници**

На ***транзитните места во општината постојат јавни водоводни и санитарни објекти со капацитет за нормален проток на пролазни патници***. **Организацијата на Црвениот крст на Велес** во услови на зголемен проток на патници - **мигранти 2015 година**, во соработка со **УНХЦР** ја реализира политиката на ***обезбедување вода за пиење и санитација***.

# 4 Дел

**ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДАТА И САНИТАЦИЈАТА ДОСТАПНИ ЗА СИТЕ**

**Советот на Општина Велес и ЈКП-Дервен** ***нема донесено одлука за издвојување на јавни финансиски средства за субвенционирање на трошоците за вода и санитација на лица приматели на социјална помош***.

Износ на просечна сметка за вода и санитација во градот е 72,5 во 2014 година, а во 2009 година е 81,2 евра годишно. Нема податоци за достапноста на вода и санитарни услуги, а има податоци за пристап до вода и санитација - произведена и дистрибуирана вода до крајните корисници, а врз основа на овие податоци процентуален износ на услуги за санитација.

| Одржување на водата и санитацијата достапна за сите | БОДУВАЊЕ | ВЕРОДОСТОЈНОСТ |
|---|---|---|
| 4.1 Јавни политики за обезбедување достапност до услугите за вода и | НА | НА |
| 4.2 Тарифни мерки | НА | НА |
| 4.3 Мерки за социјална заштита | НА | НА |

## Заклучоци

Според резултатите од бодовната картичка за еднаков пристап до вода и санитација во 3 општини во Македонија (Скопје, Велес и Куманово со дополнителни 4 (општини), може да се заклучи следното:

* географски ***разлики***
* ***Недостаток на финансии*** во општините за да се развие и одржува пристап до вода и санитација
* ***Исчезнати WWWTP*** (освен во општина Куманово)
* ***Недостаток на јавни тоалети*** (освен во Велес)
* ***Недостаток на МХХ во училиштата*** (освен во едно приватно училиште во Велес)
* ***Недостаток на пристап до вода за пиење и санитација*** за бездомници
* ***Бактериолошки неисправна*** вода за пиење во руралните средини (20-40%)
* Има пристап за хендикепирани до јавните здравствени установи, но ***не до тоалет***
* ***Нема пристап до вода за пиење и санитација*** во верски објекти

## Предизвици

Водени од максимата дека бодовната картичка за еднаков пристап до вода и санитација не е за натпревар помеѓу целните региони, туку водич за подобрување на посочените слабости, направивме проценка на она што треба да бидат наши следни чекори, се разбира врз основа на добиените резултати од самопроценката. Врз основа на тоа, и со главен акцент на поставување на јавни политики за пристап до вода и санитација, сите засегнати страни кои работеа на самопроценката дојдоа до заклучок дека следниот чекор треба да биде поставување и донесување локални акциски планови за пристап до вода и санитација.

Сепак, во зависност од потребата на општината, локалните акциони планови ќе имаат главен акцент на:

- ***Зголемување на капацитетот на општините*** да работат во оваа сфера
- Поставување на стандарди за ***МХХ***
- ***Поставување на стандарди за тоалети*** во јавни институции, училишта и верски објекти
- ***Поставување и мерки за имплементација на социјална заштита*** на населението


**АВТОРИ НА ИЗВЕШТАЈОТ**

Проф. д-р Михаил Кочубовски, „Институт за јвно здравје“
Д-р Мимоза Величковски, ЦЈЗ Куманово
Д-р Снежана Петрова, ЦЈЗ Велес
Снежана Милосавлева, ЈП Водовод и канализација - Скопје
Наташа Доковска Спировска, НВО Новинари за човекови права


Скопје, 2017